**Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ - Скопје**

**Филозофски факултет – Институт за социологија**
**Европски студии за интеграција**

**Магистерски труд**

# *“Имплементација на Националната рамка на квалификации како предуслов за влез на Република Македонија во Европската Унија”*

Ментор:
**проф.Д-р Зоран Матевски**

Изработил:
**Ивана Батиниќ, бр. 4311/11**

**Скопје, Септември, 2015 година**

## Содржина

**ВОВЕД**

**1. ЕВРОПСКИ КОНТЕКСТ, ПЕРСПЕКТИВИ И РАЗВЈ НА ЕВРОПСКА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ**

1.1 ЕВРОПСКА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

1.2 ЕВРОПСКИ СИСТЕМ НА КРЕДИТИ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА (ECVET)

1.3 ЕВРОПСКИ СИСТЕМ НА КРЕДИТИ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА (ECVET)

1.4 БОЛОЊСКИОТ ПРОЦЕС

**2. ВОВЕДУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

2.1 АНАЛИЗА НА ДОКУМЕНТИ, СТРАТЕГИИ, ЗАКОНИ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

2.2 МАКЕДОНСКАТА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

2.3 ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА МАКЕДОНСКА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

2.4 ОСНОВНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА СИСТЕМИТЕ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МРК

2.5 СЕКТОРИ НА КВАЛИФИКАЦИИ

2.6 ОБЕМ НА КВАЛИФИКАЦИИ/КРЕДИТИ

2.7 ОПФАТ И СТРУКТУРА НА МРК

2.8 ПРИДОБИВКИ И КОРИСНИЦИ НА МРК

***3. СТУДИСКА АНАЛИЗА НА ПРОЦЕСОТ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКАТА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ НАСПРОТИ ХРВАТКСАТА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ ПРЕКУ ПРОЦЕСОТ НА РЕФЕРЕНЦИРАЊЕ НА ДОСЕГА ПОСТИГНАТОТО***

3.1 НАЦИОНАЛНАТА РАМКА НА КВАЛИВИКАЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

3.2 ГЛАВНИТЕ ЦЕЛИ НА ПОЛИТИКАТА

3.3 ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ

3.4 РАМКА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

3.5 НИВО НА ДЕСКРИПТОРИ И ОЧЕКУВАНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕТО

3.6 ПОТВРДУВАЊЕ НА НЕФОРМАЛНОТО И ИНФОРМАЛНОТО УЧЕЊЕ И ЛИНКОВИ ДО НРК

***4. ЗАКЛУЧОК***

***5. ОСНОВНИТЕ ПОИМИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО***

***БИБЛИОГРАФИЈА:***

КРАТЕНКИ

**ЦОВ** Јавна установа Центар за образование на возрасни

**БРО** Биро за развој на образование

**ЕКТС** Европски кредит-трансфер систем

**ECVET** Европски кредит-систем за стручно образование и обука

**EHEA** Европска област на високо образование

**ENQA** Европска мрежа за обезбедување на квалитетот во високото образование

**EQARF** Европска референтна рамка за осигурување на квалитет во стручното образование и обука

**ЕРК** Европска рамка на квалификации за доживотно учење

**ЕУ** Европска унија

**МОН** Министерство за образование и наука

**НРК** Национална рамка на квалификации

**ДИЦ** Државен испитен центар

**ДПИ** Државен просветен инспекторат

**СОО** Стручно образование и обука

## *ВОВЕД*

Основната цел на воспоставувањето и имплеметацијата на Националната рамка на квалификации е овозможување мобилност на работниците и студентите на секоја земја преку воспоставување на нов европски систем на вредности, нов однос кон образованието кој ќе биде широко прифатлив за земјите членки на ЕУ, како и за земјите кои сакаат да се приклучат на европската унија.

Терминот „Национални рамки на квалификации" се јавува кон крајот на 20-от век во одделни држави (Англија, Шкотска, Република Ирска, Данска и др.) врз основа на современите сваќања за поимот квалификација. Според нив, квалификацијата станува основна мерка на постигањата, заснована на резултати на учење, што им овозможува на сите што се наоѓаат во образовниот систем или што ги стекнуваат знаењата низ работа со поголема самостојност, да го осмислуваат својот начин на напредување и стекнување на квалификации. На тој начин, започнат е процесот на фаворизирање на системите на образование и обука, засновани на интересите и потребите на корисниците на образованието, а со тоа започнат е процесот на развојот на национални рамки на квалификации.

Секоја држава треба да воспостави своја национална рамка на квалификации. Воспоставувањето и развојот на национална рамка на квалификации зависи од специфичните општествено -политички, економски и културолошки околности како и цели на развојот на одделни држави. Од тие причини, не постои универзално решение за сите држави и системи, но сепак заедничко за сите национални рамки на квалификации е нивната општа цел: на национално, односно системско ниво да дадат јасно уреден приказ на сите постојни квалификации кој ќе овозможи лесно споредување со други рамки на

квалификации (национални, секторски и европската рамка на квалификации). Покрај општата цел, националните рамки на квалификации, имаат и специфични цели:

- подигање на свеста на граѓаните и на работодавачите во врска со квалификациите на национално и на меѓународно ниво;
- подобрување на достапноста на квалификациите;
- поголема можност за признавање на квалификациите и мобилност на национално и на меѓународно ниво;
- препознавање на алтернативни начини на стекнување на квалификации;
- овозможување на подобар увид во напредувањето преку системот на пренесување на кредити;
- овозможување на рационално креирање и развој на квалификациите и сл.

Со договор на европските институции во 2008г., Европската рамка за квалификации (ЕРК) се стави во пракса низ цела Европа.[1] Ова ги поттикна земјите да ги усогласат своите системи на национални квалификации со Европската рамка на квалификации, каде 2012-та година е целна година за државите да ги обезбедат индивидуалните сертификати за квалификации со упатување кон соодветното ниво на Европската рамка.

Кон напорите на земјата за пристапување кон ЕУ, во значителна мера е развојот на човечкиот капитал. Во тој поглед развојот и имплементацијата на Националната рамка за квалификации претставува чекор напред кон исполнување на целите на Лисабонскиот договор за воспостаавување на една европска економија базирана на знаење. [2]

Европската Рамка на Квалификации за доживотно учење обезбедува заедничка референтна рамка која допринесува за споредба на националните квалификациони системи, рамки и нивните нивоа. Тоа ги прави квалификациите по читливи и по

[1] Recommendation of the European Parliament and of the Council of 23 April 2008 on the establishment of the European Qualifications Framework for lifelong learning

[2] Совет на Европа, Лисабон, 2000

разбирливи низ различните земји и системи во Европа, а со тоа се промовира доживотното и сеопфатно учење и мобилност на Европските граѓани без оглед дали е за студирање или пак за работа во странство. Ова во иднина го потикнува доживотното учење преку промоција на валидација на не-формалното и информалното учење.

Рамка на квалификации е инструмент за развивање и класификација на квалификации според комплет на критериуми (пр. користење на описи) применливи на конкретни нивоа од исходи од учење. Рамката може да се воспостави на национално и/или секторско ниво. На пример, некои земји имаат рамки за високо образование само според болоњскиот процес; други имаат рамки за стручни квалификации. Исто така, може да се развие рамка на квалификации на сите нивоа во конкретна област на занимање . Рамка на квалификации може да се користи за:

- воспоставување на стандарди на знаења, вештини и компетенции, кои ќе важат за сите квалификации во рамката;
- промовирање на квалитетот на образованието;
- обезбедување на систем на координирање и/или интегрирање на квалификации и овозможување на споредување на квалификации преку поврзување на квалификации една со друга;
- промовирање на пристап до учење, трансфер на исходи од учење и прогресија во учењето.

Европската рамка на квалификации за доживотно учење , ја опишува националната рамка на квалификации како дел од националниот систем на квалификации кој служи како инструмент за класифицирање на квалификациите согласно збир од критериумите за одредени нивоа на остварено учење. Националната рамка има за цел да ги интегрира икоординира националните под-системи за национални квалификации и да ја подобри

транспарентноста, пристапот, напредокот и квалитетот на квалификациите во однос на пазарот на трудот и граѓанското општество.[3]

Рамките за квалификации обично содржат три аспекти: цели, структура и процеси кои го обезбедуваат квалитетот. Иако постои релативно мал број на национални рамки за квалификации кои целосно функционираат, зголемувањето на бројот на државите кои развиваат национални рамки за квалификации е значително во изминатите неколку години. Истите се различни според својата цел и структура, и според начините на кои се имплементираат. Беше даден еден поттик за развивање на национални рамки за квалификации со крајни цели да бидат готови во 2010 и 2012 година, за земјите членки на ЕУ кои сакаа да ги искористат разните аспекти на Европската рамка на квалификации, но активности за развивање на рамката се одвиваат во целиот свет при што национлни и регионални рамки се развиени на Далечниот Исток, Јужна Америка, Субсахарска Африка и Карибите како и Источна Европа, Централна Азија и Блискиот Исток и Северна Африка. 46-те држави кои учествуваат во Болоњскиот процес за создавање на Европска област на високо образование се во разни фази на развој на националните рамки за високо образование и значителен број на држави избраа да формираат квалификациски рамки, кои се однесуваат во голема мера (или исклучиво на) стручните квалификации, но трендот низ целиот свет е во насока на формирање на сеопфатни рамка која можат да ги вклучи сите видови на учење и квалификации. Националните рамки на квалификации се инструменти кои се предводник на промените но креирањето на структура за квалификации нема да донесе промени само по себе.

Националната рамка на квалификации креира систем на нивоа на кои може да се рангираат квалификациите. Нивоата се дефинираат најмногу преку типичните резултати од учењето кое се нарекува „дескриптори (опишувачи) на нивоа". Некои квалификации во рамката можат да служат и како репери кои можат да помогнат да се објасни природата на овие нивоа. За да може да се пласираат на ниво во рамката, квалификациите ќе треба да

[3] http://ec.europa.eu/ploteus/content/how-does-eqf-work

имаат резултати кои ќе може лесно да се идентификуваат и критериуми за оценување кои може да се споредат со дескрипторите на нивоата.

Предложената Национална Рамка на Квалификации за Македонија вклучува квалификации од секаков вид и на сите нивоа, само доколку исполнуваат одредени критериуми, има осум суштествени нивоа и одреден број на поднивоа и ќе биде објаснета корелацијата во Европската рамка на квалификации (ЕРК).

Македонската рамка е дизајнирана на начин кој ги прави квалификациите поексплицитни и појасно дефинирани, го олеснува признавањето на учењето, без разлика на кој начин е стекнато, ја подобрува мобилноста на оние кои учат на национално и на меѓународно ниво и го изедначува квалитетот на понудувачите на образовни услуги.

Имено во овој труд ќе биде направена анализа на досегашниот учинок во однос на воспоставувањето на Македонската рамка на квалификации, потоа ке бидат претставени главните карактеристики на Националната Рамка на Квалификации како систем, на ниво на легислативва, институционална имплеметација и нејзиното усогласување со ЕРК. Патем во овој труд споредбено ќе се разгледаат и основните карактеристики на Хрватската рамка на квалификации како еден од системите врз кој се темели Македонсаката Национална Рамка на Квалификации.

Истражувањето има тенденција да го претстави значењето и бенефитот на воспоставувањето и усогласувањето на Македонската Рамка на Квалификации кон Европската Рамка на Квалификации  како клучен сегмент во слободната мобилност на пазарот на трудот во Европа.

## *1. ЕВРОПСКИ КОНТЕКСТ, ПЕРСПЕКТИВИ И РАЗВЈ НА ЕВРОПСКА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ*

Да се посвети внимание и да се направи посебен преглед на европскиот водич за воспоставување на ЕРК, како и идните перспективи за европска мобилност на компетенции, знаења и вепштини преку процесот на реверенцирање на квалификациите од ЕРК и Националната Рамка на Квалификации,

Развојот на Национални Рамки на Квалификации (НРК) беше голем меѓународен тренд во реформирањето на националните системи на образование и обуки уште од крајот на 90-тите години на минатиот век. Иницијативата започна главно меѓу развиените земјите од англиското говорно подрачје. Меѓутоа ова тренд се актуелизираше и пошироко, па така, кон крајот на 1990 година, такви рамки, исто така беа усвоени и од страна на земјите во развој од неанглиско говорно подрачје.

Важноста на меѓусебното признавање на квалификациите во Европа беше увидена и оттука настанаа предлозите за единствена Европска Рамка на Квалификации како резултат на низа обиди овој проблем да се реши и надмине. Многу земји-членки имаат системи на квалификации воспоставени одамна (не мора да се рамки), додека други земји се во процес на реформирање на образованието и обуките. Затоа потребно било да се најде решение кое ги почитува воспоставените национални традиции и кое истовремено ќе обезбеди јасна основа за меѓусебно признавање и мобилност на работната сила во проширената Европска Унија. Она што го карактеризира овој процес на воспоставување на унифицирана рамка е фактот тека најнапред започнал да се применува во високото образвование преку воведувањето на кредит трансвер системот.

Оттаму, Болоњскиот процес започнува во 1999 година. Тој сега вклучува 47 земји. Една од најважните акциони линии во овој процес е преструктуирањето на програмите на

високото образование, а како резултат на тоа и промена на стекнатите квалификаци (дипломи). Во 2003 година, министрите одговорни за високото образование се собрале во Берлин да го разгледаат напредокот на Болоњскиот процес.

„Министрите ги охрабрија земјите членки да изготват рамка на споредливи и компатибилни квалификации за нивните високообразовни системи, која ќе ги опишува квалификациите преку обемот на работа, нивото, резултатите од учењето, компетенциите и профилот. Тие, исто така, се обврзлеа да изготват сеопфатна рамка на квалификации на европскиот простор за високо образование.

Ефективна сеопфатна рамка на квалификации на ЕПВО била неопходна од повеќе причини. Првенствено таа треба да му помогне на Болоњскиот процес да воспостави вистинска транспарентност меѓу постојните европски системи на високо образование, преку развој на заедничка основа за разбирање на овие системи и квалификациите што ги содржат. Со ова треба да се подобри препознавањето на странските квалификации, да се поттикне мобилноста на граѓаните и да се зголеми квалитетот во високото образование. Последно, но не и помалку важно, е што таквата рамка нуди концепт за ефективно обезбедување на квалитет. Европските министри одговорни за високото образование на Конференција во Берген во 2005 година ја усвоија сеопфатната рамка на квалификации за ЕПВО, составена од три циклуси (вклучувајќи, во рамките на националните контексти, можност за меѓуквалификации), ги усвоија општите дескриптори за секој циклус, засновани на резултатите од учењето и компетенциите и опсегот на кредити за првиот и вториот циклус. Министрите се обврзаа во нивните национални образовни системи да се изработат национални рамки на квалификации компатибилни со сеопфатната рамка на квалификации за ЕПВО до 2010 година.

*Даблински дескриптори кои се користат во Европската рамка за високообразовна област (извадок од Извештајот на работната рамка за рамка на квалификации, 2005 година)

| **Квалификација од краток циклус** Во рамките на првиот циклус или поврзана со него | **Прв циклус** | **Втор циклус** | **Трет циклус** |
|---|---|---|---|
| *Квалификации кои значат завршување на* **краткиот циклус на високото образование (во рамките на првиот циклус или поврзани со него)** *се доделуваат на ученици кои:* | **Квалификации кои значат завршување на првиот циклус се доделуваат на ученици кои:** | **Квалификации кои значат завршување на вториот циклус се доделуваат на ученици кои:** | **Квалификации кои значат завршување на третиот циклус се доделуваат на ученици кои:** |
| • покажале знаење и разбирање во полето кое се учи а кое се надоврзува на општото средно образование и кое обично е на ниво поддржано од напредни учебници; таквото знаење е основа за полето на работа или струката, личниот развој и понатамошни студии за завршување на првиот циклус; | • покажале знаење и разбирање во полето кое се учи а кое се надоврзува на општото средно образование и кое обично е на ниво кое, иако е поддржано од напредни учебници содржи и некои аспекти кои ќе бидат информирани со знаење на главните аспекти од нивното поле на учење | • покажале знаење и разбирање кое се заснова на, и го проширува она кое вообичаено е поврзано со првиот циклус, и дека дава основа или можност за оригиналност во развојот и/ или примената на идеи, често и во истражувачки контекст; | • да покажал систематско разбирање на полето на учење и мајсторство на вештините и методите за истражување поврзани со тоа поле; |
| • може да го примени своето знаење и разбирање во контекст на занимањето; | • може да го примени своето знаење и разбирање на начин кој покажува професионален пристап во нивната работа или струка, и има компетенции кои обично се покажуваат преку издржани аргументи и решавање на проблеми во нивното поле на учење; | • може да го примени своето знаење и разбирање и способностите за решавање на проблеми во нова или непозната средина во поширок (или мултидисциплинарен) контекст кој е во врска со нивните полиња на студирање; | • покажале можност за започнување, изготвување, имплементација и адаптација на значителен процес на истражување со соодветен интегритет;<br>• имаат направено придонес преку оригинално истражување кое ги проширува границите на знаење преку развивање на значителен обем на работа, од која дел е објавен во домашни или меѓународни публикации; |
| • има способност да ги идентификуваи користи податоците за формулирање на одговорите на добро дефинирани, конкретни и апстрактни проблеми; | • има способност да прибира итолкува релевантни податоци (обично во нивното поле на учење) за да донесе суд кој е рефлексија на релевантни општествени, научни или етички прашања; | • има способност да го интегриразначење и да управува со сложени прашања, и да формулира судови со нецелосни или ограничени информации но во кои се одразени општествените и етичките одговорност кои се во врска | • има способност за критичка анализа, евалуација и синтеза на новите и сложени идеи; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | со примената на нивното знаење и судови; | |
| • може да комуницира за своите разбирање, за своите вештини и активности, со своите врсници, колеги, супервизори и клиенти; | • може да комуницира информации, идеи, проблеми и решенија, како со стручните лица така и со лица кои не се упатени доволно во материјата; | • може да ги комуницира нивните заклучоци и знаење, како и основите за истите, со стручни лица и со лица кои не се доволно упатени во материјата на јасен и недвосмислен начин; | • може да комуницира со своите колеги, врсници, пошироката научна заедница и со општеството воопшто за областите на експертиза; |
| • ги има вештините за учење за да презема дополнителни активности за учење со одредена автономија. | | | • може да се очекува да промовира, во академски и стручен контекст, технолошки, социјални или културни унапредувања во општество базирано на знаење. |

Поаѓајки од наведените стратешки цели, Европскиот парламент и Советот на ЕУ во април 2008 година ја усвоија Европската рамка на квалификации. Овој документ, како заедничка референтна европска рамка, постави бројни барања пред сите држави членки на ЕУ, па и пред Република Македонија, поврзани, пред се, со ситемското вреднување на образованието и обуката во секоја држава и нивно споредување со образовните системи во другите држави.

Интеграциските процеси за пристапување кон Европската унија, значајно се движат во правец кон создавање единствен простор, кој пак подразбира не само единствен пазар, економска и политичка интеграција, туку и единствен простор во областа на квалификациите. Оттука и Република Македонија како земја кандидат во пртпристапната фаза е задолжена или условена да го отпочне процесот на усвојување на Европското право Aque Communirare, кое е пподелено на повеќе поглавја меѓу кои се наоѓа и поглавјето за образование и култура.

- Извештајот на ЕК за напредокот 2012 [4]На 10 октомври 2012 Европската комисија го објави извештајот за напредокот за 2012 година кој го покрива периодот од октомври 2011 до септември 2012 година Подолу е дел покривање на напредокот што е направено во областа на квалификации:

---

[4] **EC progress report 2013**
http://www.sep.gov.mk/content/Dokumenti/EN/mk_rapport_2013_en_rev.pdf

4.26. Поглавје 26: Образование и култура

... .. "Што се однесува до европските стандарди во областа на образованието, обуката и младите, законите за основно, средно и високо образование беа изменети. Стратегиите беа развиени за да се минимизира "одливот на мозоци" на високо образовани и да се намали насилството во училиштата. Се изготви акционен план за воведување на нови градинки во руралните средини, како и пристап до предучилишното образование останува ограничено на урбаните области. Донесена е стратегија за стручно образование 2013-2020. Образовните активности за возрасни продолжи со нови програми за обука. Совет за реформи во високото образование е создаден за да се осигура дека на Универзитетот наставни програми одразуваат потребите на пазарот на трудот. Останува да се развива националната рамка на квалификации. Донесена е програма за развој на спортот до 2017 година "... ..

- Национална програма за усвојување на правото на Европската унија - НПАА 2013 година - Дел 3.26 Образование и култура. Предвидените активности се натамошно усогласување на националното законодавство за НРК и зајакнување на административните капацитети во релевантните институции[5] и
- Асоцијација (ССА) за стабилизација е потпишан со ЕУ во 2001. Со тоа, и во согласност со член 52 од Договорот, земја ги презема обврска да ги преземаат сите неопходни чекори за воспоставување на национална рамка на квалификации.

Во препораките на Европскиот парламент и на Советот за воспоставување на Европска рамка на квалификации за доживотно учење, Националната рамка на квалификации се дефинира како инструмент за класификација на квалификации во согласност со низа критериуми за поединечните нивоа на стекнатите знаења и вештини, кој има тенденција да ги интегрира и да ги координира националните подсистеми на квалификации и да ги

[5] http://www.sep.gov.mk/data/file/NPAA/NPAA2013NarativenDel.pdf

подобри транспарентноста, достапноста, напредокот и квалитетот на квалификациите во врска со пазарот на трудот и граѓанското општество. Ваквата дефиниција во себе содржи неколку елементи кои се важни за разбирањето на суштината на Националните рамки на квалификации:

1. Националната рамка на квалификации претставува единствена, целосна и системски уредена структура за систематизирање, опишување и за развој на квалификациите. Содржи збир на принципи кои ја покажуваат вредноста на квалификациите и им овозможуваат на заинтересираните корисници да видат дали квалификацијата им дава можност за натамошно образование и обука или за вработување, или и за едното и за другото.

2. Националната рамка на квалификации овозможува споредување на квалификациите од различни области на образованието и обуката.

3. Националната рамка на квалификации ги содржи сите постојни квалификации во рамките на еден систем (држава ) кои се стекнуваат на сите нивоа на образование и обука по формален пат (основно, средно или високо), како и по неформален и информален пат. Формално препознаените квалификации се поставуваат во јасно дефинирани односи и во јасна структура.

4. Националната рамка на квалификации ги опфаќа сите нивоа на квалификации кои може да се стекнат низ сите видови на образование и обука што овозможува тесна врска помеѓу образованието и обуката и пазарот на трудот. Колку нивоа на квалификации ќе има Националната рамка на квалификации зависи од самиот национален систем, но тие мора да постојат и да бидат така уредени што ќе може јасно да се види на кој начин може да се премине од едно ниво на квалификација во друго ниво, како и кои се описите на секое ниво на квалификации. Со описите се одредува нивото на комплексноста на знаењата, вештините и на компетенциите (самостојност и одговорност).

5. Описите на квалификациите се засноваат на резултати на учење. Во таа смисла, квалификациите претставуваат збир на сертифицирани и документирани резултати на учење (знаења, вештини и компетенции) во согласност со дадени стандарди, без оглед на тоа како и каде се стекнати.

6. Националната рамка на квалификации претставува основа за подобрување на квалитетот, на достапноста и на поврзаноста на квалификациите. Обезбедува проодност помеѓу нивоата, различни патишта на стекнување на квалификациите и нивно јавно признавање на пазарот на трудот. Таа е инструмент за комуникација помеѓу различни делови од системот на образование и обука и има развојна и регулаторна улога.

7. Националната рамка на квалификации ќе придонесе за реално моделирање на образовниот профил кој ги одразува општествените потреби и социјално - економската стабилност како и визијата за креирање на нови профили.

## *1.1 ЕВРОПСКА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ*

Европската рамка на квалификации е референтна алатка за споредба на нивоата на квалификации на различните системи на квалификации и го промовира доживотното учење и еднаквите можности во општество засновано на знаење, вештини и компетенции, како и понатамошна интеграција во европскиот пазар на труд, почитувајќи ги различните национални системи6 за образование и обука. Таа ги прави квалификациите појасни и

[6] http://ec.europa.eu/education/vocational-education/doc1143_en.htm

полесно разбирливи помеѓу различните држави и системи во Европа и има две главни цели:

- да ја промовира и да ја обезбеди мобилноста и
- да го олесни доживотното учење.

Европската рамка на квалификации се состои од осум нивоа кои опфаќаат видови на квалификации кои се стекнати во општото, стручното, високото и во образованието за возрасни. Нивоата на националните рамки или системи се споредуваат со осумте нивоа од ЕРК, за да се направи полесно поврзување помеѓу квалификациите на национално и квалификациите на меѓународно ниво.

Нивоата се засноваат на резултати од учење (знаење, вештини и компетенции). Вниманието во рамката е насочено кон излезните резултати, односно што знае учесникот, што разбира и што може да направи по завршувањето на процесот на учење. Насочувањето кон излезните резултати го поддржува поврзувањето на потребите на пазарот на трудот и потребното образование и обука. Го олеснува признавањето на резултатите од неформалното и информалното учење, трансферот и прифаќањето на квалификациите помеѓу земјите и системите за образование и обука.

ЕРК ги опишува нивоата на квалификации во однос на резултатите од учење, но не потврдува квалификаци. Тоа е задача на националните тела кои се одговорни за Националната рамка на квалификации, кои ги користат описите на нивоата на Европската рамка на квалификации како основа за изготвување описи на нивоата во своите национални рамки на квалификации

Во Европската унија образованието е одговорност на земјите-членки. Институциите на Европската унија имаат улога на поддршка. Според член 165 од договорот за функционирање на Европската унија, заедницата „треба да придонесе за развој на квалитетно образование со тоа што ќе ја охрабри соработката меѓу земјите-

членки“7, преку дела како што се: промовирање на мобилноста на граѓаните, создавање на студиски програми за приклучување, основање на мрежи, размена на информации за предавање на јазици од Европската унија. Договорот исто така содржи обврзаност да се промовира доживотното учење на сите граѓани на Унијата.

Квалификациите вклучени во НРК ќе доаѓаат од сите области на образованието и обуката дали тие се постигнува со формалното, неформалното и информалното учење, со цел за обезбедување на квалитет во процесот на акредитација и сертификација. Покрај тоа, имплементацијата на НРК, треба да се земе предвид и Европската Обезбедување на квалитет референтна рамка за стручно образование и обука (EQARF), Стандардите и насоките за осигурување на квалитетот во Европската област на високото образование развиен од страна на Европската мрежа за обезбедување квалитет во високото образование (ENQA), европските насоки за потврдување на неформалното и информалното учење и Еуропас документација.

Основите за европска соработка во образованието произлегуваат од Копенхашката декларација за стручното образование и обука и од Болоњскиот процес[8].
Во Копенхашкиот процес вниманието е посветено на развивање заеднички европски рамки и алатки за зајакнување на транспарентноста, признавање и квалитет на компетенции **и квалификации и за олеснување на мобилноста. Инструменти кои се користат се Европската** Рамка на Квалификации (ЕРК), Европскиот кредит трансфер систем за стручна образование и обук (ЕЦВЕТ) и Европската референтна рамка за осигурување квалитет во стручното бразование и обукаСОО (EQARF).

[7] http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:C:2008:115:0047:0199:en:PDF
[8] http//ec.europe.eu/education/higereducation /doc 1290_ek.htm

## *1.2 ЕВРОПСКИ СИСТЕМ НА КРЕДИТИ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА (ECVET)*

Европски систем на кредити за стручно образование и обука (ecvet) [9] е систем развиен од земјите членки на ЕУ и од Европската комисија, со цел да се олесни признавањето на знаењето, вештините и компетенциите кои ги имаат стекнато поединците во учењето или во периодот на стручно образование и обука во земјата и во странство.
Во јуни 2009 беа објавени препораки за ECVET од страна на Европскиот совет и Европскиот Парламент. Тоа претставува децентрализиран и доброволен механизам, кој има за цел да да создаде европска безгранична област на доживотно учење така што ќе го олесни начинот на кој на поединците им се признава, трансферира и акумулира оценетото учење кое води кон квалификации. Земјите членки кои планираат да користат ECVET, треба да бидат подготвени за тоа до 2012. Европскиот систем на кредити за стручно образование и обука припаѓа на серија од иницијативи за признавањето на искуствата од учењето помеѓу различни држави и различни институции
.Исто така постои и Европски систем за кредит трансфер и акумулирање (ECTS) во високото образование и можност за стекнување на Europass документите. Парнтерите и мрежите се развиваат на европско, национално, регионално, локално и секторско ниво за да се обезбеди квалитет и сеопфатна доследност на Европскиот систем на кредити за стручно образование и обука. ECVET ги објаснува квалификациите во смисол на единици на резултатите од учењето кои ќе бидат оценети и валидирани. Секоја квалификација

[9] Препорака на Европскиот парламент и советот за воспоставување на Европски кредит систем за стручно образование и обука од 18ти Јуни 2009 година.

треба да вреди одреден број на ECVET поени. Резултатите од учењето кои биле стекнати во една година на редовно формално стручно образование и обука ќе добијат 60 ECVET поени. Овој пристап ги поттикнува индивидуалните патишта на учење каде што учениците можат да ги акумулираат посакуваните единици на резултати од учењето за одредена квалификација со текот на времето, во разни држави и во разни ситуации за учење. Комисијата изготвува инструменти и прирачници за корисниците на Европскиот систем на кредити за стручно образование и обука, а исто така формира и мрежа на корисници на Европскиот систем на кредити за стручно образование и обука.

ECVET ги објаснува квалификациите како единици на резултатите од учењето кои ќе бидат оценети и вреднувани. Секоја квалификација треба да вреди одреден број на ECVET кредити. Резултатите од учењето кои биле стекнати во една година на редовно формално стручно образование и обука ќе добијат 60 ECVET кредити. Овој пристап ги поттикнува индивидуалните патишта на учење каде што учесниците можат да ги акумулираат посакуваните единици на резултатите од учење за одредена квалификација со текот на времето, во разни држави и во разни ситуации за учење.

Европскиот систем на кредити за стручно образование и обука и Европскиот систем за кредит трансфер и акумулирање (ECTS) во високото образование припаѓа на серија од иницијативи за признавање на искуствата од учењето помеѓу различни држави и различни институции. Тоа е можност за стекнување на Europass 10 документите. Europass воведува портфолио на документи кои што ги употребуваат поединците за да ги опишат нивните квалификации и компетенци, но тој не ги споредува нивоата на квалификации.

[10] Одлука бр.2241/2004/ЕЗ на Европскиот парламент и советот за единствена рамка на Заедницата за транспарентност на квалификациите и вештините (Europass).

## *1.3 ЕВРОПСКАТА РЕФЕРЕНТНА РАМКА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ КВАЛИТЕТ ВО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА (EQARF).*

**Европската референтна рамка за обезбедување квалитет во стручното образование и обука (EQARF)**[11] ја развиваат Земјите членки и Комисијата со цел да служи како референтен инструмент кој ќе помага при постигнување на континуирано подобрување на СОО. EQARF има за цел да поттикне взаемна доверба во националните системи за СОО, во рамките на една оригинална и безгранична област на доживотно учење.

EQARF поддржува стратегии за доживотно учење, интегрирање на европскиот пазар на труд и промовира култура за подобрување на квалитетот на сите нивоа, истовремено почитувајќи ја различноста на националните образовни системи и поддржувајќи ги иницијативите за политики во стручното образование и обука.

EQARF е дизајнирана да им помага на земјите членки во промовирање, следење и во подобрување на квалитетот во стручното образование и наука. Овозможува заедничка основа за начела за квалитет, референтни критериуми и показатели. Помага на креаторите на политиката и на оние кои ја применуваат да добијат подобра претстава како функционираат постојните модели за обезбедување на квалитет, да ги идентификуваат областите во кои е потребно подобрување и да носат одлуки за тоа како истите да се подобрат врз основа на вообичаените квантитативни и квалитативни референци.

EQARF се применува на системско ниво и на ниво на понудувачи на обуки. Таа се состои од модел и методологија кои ставаат акцент на самооценувањето, во комбинација со надворешно оценување, систем на мониторинг и повеќе референтни индикатори за мониторинг и евалуација на системите. Рамката дава конкретен акцент на подобрување и

[11] Препорака на Европскиот парламент и советот за воспоставување на Европска Рамка за обезбедување на квалитетот во Стручното образование и обука од 18ти Јуни 2009 година

евалуација на „резултатите“ на стручното образование и обука, во смисла на зголемување на вработувањето, подобро совпаѓање помеѓу понудата и побарувачката и промовирање на подобар пристап до доживотното учење и обука, посебно за лицата од ранливи категории.

## *1.2 БОЛОЊСКИОТ ПРОЦЕС*

Болоњскиот процес[12] се стреми кон креирање високообразовна област во која стандардите за академски дипломи, дипломи за високо стручно образование и стандардите за обезбедување квалитет се поспоредливи и покомпатибилни. . Во Европа ова било планирано да се постигне до 2010г.

Рамката за високообразовната област содржи три циклуси на високообразовни квалификации, дефинирани од аспект на квалификации на Европски кредит трансфер систем и Систем на акумулирање на кредити. Во рамките на првиот циклус постои краток циклус. . Во Европа ова е планирано да се постигне до 2010г.

Една академска година одговара на 60 ЕКТС кредити. Академската година е вообичаено е од 1500 до 1800 часа на учење од различен вид.

Именувањето на дипломите варира од земја во земја.

Краток циклус во рамките на првиот циклус: 120 ЕКТС кредити – со ова се стекнува квалификација која е помалку од диплома и одговара на ниво пет.

- Прв циклус: 180 – 240 ЕКТС кредити – се добива диплома за додипломски студии и одговара на ниво шест.

[12] http://www.ehea.info/Uploads/Declarations/BOLOGNA_DECLARATION1.pdf

- Втор циклус: 90 – 120 ЕКТС кредити (минимум од 60 на ниво на втор циклус) – се добива магистерска диплома и одговара на ниво седум.
- Трет циклус: 180 ЕКТС кредити – диплома за докторат и одговара на ниво осум.

За сите четири циклуси постојат описи наречени "Даблински дескриптори" 13 . Краткиот циклус има свои посебни описи - и тие се поврзани со најгорните четири нивоа во ЕРК. Земјите издаваат сертификати според Рамката, следејќи ги критериумите поставени од Болоњската работна група за Рамката.

Болоњската Декларација охрабрува соработка во осигурувањето квалитет во високото образование, сметајќи дека треба да се развиваат споредливи критериуми и методологии. Република Македонија официјално ја потпиша Болоњската декларација на 19 септември 2003 г.

Европската мрежа за осигурување на квалитет во високото образование (ЕАОК) , која ги подготви "Стандардите и насоките за осигурување на квалитет во европската високообразовна област", е поддржана од Европската Комисија. Европските министри одобрија креирање на Европски регистар на агенции за осигурување на квалитет и Европски стандарди и насоки за осигурување на квалитет.

Со имплементацијата на Болоњскиот процес, високообразовните системи во европските земји мораат да се организираат на начин кој овозможува лесно движење од една во друга земја во рамките на таа Европска високообразовна област.

[13] Http://www.jointquality.nl/

## 2. ВОВЕДУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Предмет на истражување на овој магистерски труд е воспоставувањето и имплементацијата на Македонската рамка на квалификации, усогласување со европската рамка на квалификации како дел од претпристапните процеси на РМ кон Европската унијата.

Имено, преку истражувањето и анализите приложени во овој магистерски труд ќе се обидам да дадам јасен и прецизен преглед на настаните и превземените активности во врска воспоставувањето на системот за НРК и потребната легислатива како и преглед на мноштво важни податоци содржани во национални стратегии, декларации, и други документи, како и анлиза на тенденциите за усогласување на НРК со ЕРК преку процесот на реверенцирање на истите, како и компаративен осврт на Македонската рамка кон Хрватската по чии модел е изработен и првиот Извештај на МРК кон ЕРК за 2014г.

Исто така, во контекст ќе опфати дел од европски простор на високото образование, за кој во Законот за високото образование член 99, уште во во 2010 година беше изготвена Националната рамка за високообразовните квалификации во РМ, а последните измени на Законот за високото образование се направени во 2011 година

Во Република Македонија иницијалната работа за отпочнување на процесот за воспоставување на Националната рамка за квалификации е отпочната. Во 2009 година формиран е Национален совет/тело кое треба да работи на создавањето на НКР и на планот за нејзина примена и детално развивање. Национално, прифатен е рокот кој важи за земјите членки за усогласување кон ЕКР со создавање и ставање во функција на НКР, а тоа е 2012 година. Република Македонија ги отпочна подготвителните активности за овој

процес уште во 2009год, поради коплексноста на задачата како и недоволното искуство и запознаеност со овој процес вклучи и експертска странска помош за отпочнување на овој процес, но било речиси неможно, да се запази овој рок, имајќи предвид дека се познати искуствата од земјите членки и дека тој интензивен процес оптимално трае околу 5 години. Па оттука оваа стартна точка е искористена за запознавање со процесот како и добивање на препораки за идни активности и планови кои би биле водилка низ процесот на воспоставување на рамката. Постигнати се минорни резултати во рамки на проектот Техничка помош на Министерството за образование и наука за доживотното учење[14], овој проект е овожможен и поддржан од страна на Европската унија како и поддршката на а од вработени во Министерството за образование, Бирото за развој на образование, Центарот за СОО и Центар за образование на возрасни. Од овој проект се продуцирани неколку нацрт документи кои би се користеле како насока за работа и предуслови кои треба да се реализираат вклучувајќи и насоки за подготовка на Законското решение како би се изготвила Националната рамка на квалификации за Република Македонија.

Имајќи предвид дека при донесувањето и изготвувањето на овие документи се вклучени исклучиво Владините институции а самиот процес не бил транспарентен не земајќи ги предвид демократските практики во 21 век, постоела опасност дека тоа ќе биде документ кој доцна ќе ја вклучи јавноста - како стручната, така и широката - во процесот на изработка на НКР, игнорирајќија потребата од транспаретноста на процесот и волјата да се вклучат учесници од сите три сектора во општеството, при што се добиле документи со висок квалитет.

Меѓу другото, политиката на доживотно учење, која го опфаќа во целост неформалното образование, во тој момент на планирање на активностите за воспоставување на рамката не биле земени предвид. Иако НФО во државата претставува значаен сегмент во политиката на доживотното образование.

НКР и примената на валидното законодавство и донесените акицски планови, неопходно барало реалистично, забрзано димензионирање на мерките и активностите, а

[14] Technical Assistance to the MoES on Life Long Learning- An EU-funded project **06MAC01/11/102**

пред сè, соодветно и реалистично буџетско планирање на овој процес. Иако се утврдени параметрите во однос на триаголникот на знаење (образование, истражување, иновации) во рамки на ЕУ врзани директно за Лисабонската стратегија/декларација и конкретно, во документот „Образование и обука 2010". Со оглед на економската состојбаво која се наоѓа Република Македонија, тековната светска економска и финансиска криза, постигнувње на тие цели во однос на буџетските проекции, претставуваат мисија која тешко се исполнува. Но, и покрај тоа, се губи фокусот во сите овие активности и напредокот во процесот на европска интеграција во сферата на доживотното учење и финализирање на процесот за воспоставување и имплементација на НРК.

## *2.1 АНАЛИЗА НА ДОКУМЕНТИ, СТРАТЕГИИ, ЗАКОНИ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ*

Во контекст на погоре изложеното, овој труд треба да даде преглед на досега стореното во процесот на воспоставување на Македонската НРК, во кој Министерството за образование и наука има носечка улога како главен координатор на целиот процес.

Во процесот на воспоставување и имплементација на НРК формирана е работна група под негова одговорност, со цел да се обезбеди ефикасна донаторска координација и да се избегнат можни се преклопуваат и усогласување со националните приоритети, кои можат да бидат дополнително зајакната. Работната група за воспоставување на НРК е основана со цел да го поддржи развојот и имплементацијата на Националната рамка на квалификации преку вклучување на клучните чинители во образованието и обуката

вклучувајќи ги и министерствата и јавните институции, услуги и на социјалните партнери. Групата има подготвено нацрт документот "Македонска рамка на квалификации, појдовни точки"[15], која е клучна основа за изработка на Законот за Национална рамка на квалификации. Оттука бројните документите и стратегиите кои се во подршка на вocоставувањето на овој процес, бидејќи воведувањето на НРК не е само хоризонтален, туку и вертикален процес, кој претставува значајна реформа во образованието и обуката, вклучувајќи ги сите чинители кои се дел од формалното, неформалното и информалното образование.

Преку сижетниот преглед, приложен подолу, може да се добие појасна слика и да се подобри перцепцијата и разбирањето на комплексноста и обемноста на подготвителната раабота за воспоставувањето на НРК.

Како основна водилка во севкупниот претпристапен процес на РМ кон ЕУ, најзначаен е документот за Усвојувањето на правото на ЕУ Aque Communitare.

Преку спогодбата од Лисабон, на 01 декември 2009, стапува на сила Европското право, кое било ратификувано во сите 27 земји- членки. Оттука произлегува и водечкиот документ и за земјите кандидати во претпристапниот процес, меѓу кои и РМ, за усогласување и усвојување на правото на ЕУ.

- **Национална програма за усвојување на правото на Европската унија** во делот 3.26 ОБРАЗОВАНИЕ И КУЛТУРА, покрај генералните показатели на реформи во образованието и културата вклучува и дел кој го отсликувапроцесот на Развивање Национална рамка на квалификации, оценувајќи го процесот на сработеното како и идните приоритети во кои се предвидува:

  ...„Донесување на Закон за национална рамка на квалификации, со кој ќе се уредат нивоата, типовите и обемот на квалификациите, како и надлежностите на телата за

[15] http://www.mon.gov.mk/images/documents/nacionalna_ramka/Dokument_Makedonska_ramka_za_kvalifikacii_-_pojdovni_osnovi.pdf

предлагање и усвојување на квалификации согласно Европската рамка на квалификации

Натамошен развој и имплементација Националната рамка на квалификации во контекст на доживотното учење''...

- **Национална стратегија за развој на образованието 2005 - 2015**[16] - Министерството за образование и наука, 2006 година; Национална стратегија за развој на образованието опфаќа периодот 2005-2015 и се обраќа на бројни прашања за инклузија, вклучувајќи: недискриминација; подобрување на физичкиот пристап до училиштата преку обезбедување на транспорт; зголемување на учеството во образованието преку подигање на свеста кај етничките заедници; проширување на опфатот на предучилишното образование; и проширување на задолжителното основно образование од осум на девет години.

Спроведувањето на стратегијата е во тек и некои елементи на инклузија предвидени во законот се доаѓа на on-line, како што се: финансиска поддршка за семејствата кои примаат социјална помош кои ги чуваат своите деца во училиште; обезбедување на превоз за учениците од поодалечените области; и задолжителното средно образование. Програмата за работа на Владата за периодот 2006-2010 година, оди чекор понатаму, барајќи задолжително средно образование и обезбедување на учебници. Во меѓувреме, прашањето за вклучување и еднаквост (вклучувајќи демократија, недискриминација, почитување на индивидуалните разлики, на културната разновидност и интеграција на учениците со посебни потреби) се опфатени во посебно поглавје од 2007 Концепт за деветгодишно основно образование. Во средното образование, Министерството за образование и наука донесе одредба за изборни активности на теми Граѓанска култура (во

[16] National Strategy for the Development of Education 2005 – 2015 , Ministry of Education and Science, Skopje, 2004

гимназиите / гимназии) и на културата на заштита, мир и толеранција (и во двете граматика и стручни училишта).

- **Стратегијата за стручно образование и обука во контекст на доживотно учење 2013-2020**[17], стручно образование и обука е систем кој е под притисок да се модернизира во текот на последните децении во државата. Покрај процесите на глобализација во економската и политичката сфера, технолошките иновации предизвикаа брзи промени во видовите на работни места и содржината на работа во националната економија, со постојани промени во побарувачката за нови вештини и квалификации; отворен пазар причина проширување на можноста за работа како индивидуален пласман на национално и меѓународно ниво и сложеноста на побарувачката за нови вештини на пазарот на трудот драматично се утврди структурата, организацијата и содржината на стручно образование и обука.

- Образование и стручно образование и квалификации за да се стекнат преку: обука, стручно образование за 3 и 4 години пост - средно стручно образование и високо стручно образование (јавни и приватни средни училишта и стручно колеџ програми кои не се дел од академските програми).

- **Стратегијата за образование на возрасни и Акциониот план 2010-2015** година, the Мисијата на Центарот е да се воспостави функционална, модерен и ЕУ-компатибилен систем на образование на возрасни во контекст на доживотно учење, која ќе нуди високо квалитетно образование и можности за стекнување на квалификации во согласно потребите на населението, зголемување на можностите за вработување и претприемништво со потребите на пазарот на трудот и да придонесе за економски, социјален и личен развој.

---

[17] National Programme for the Development of Education with accompanying Programme Documents 2005 2015, Ministry of Education and Science, Skopje 2005

- **Доживотното учење е еден од концептите за поддршка на Националната стратегија за развој на образованието 2005 - 2015** и тоа е исто така клучен инструмент потребни за да се подигне нивото на образование кај младите и возрасните луѓе што е голем предизвик за македонското општество

Меѓународната соработка во областа на образованието е многу важна и придонесува за побрзо вклучување на секоја универзитетска заедница во меѓународните текови, а со самото тоа и во хармонизираниот систем на квалификации.

За да се олесни преодот кон општество засновано на знаење, Европската Комисија го поттикнува воспоставувањето на стратегиите за доживотно учење заедно со специфични активности, со аспект на постигнување на европска област за доживотно учење. Оваа цел е промовирана во Лисабонската Стратегија, посебно во програмата “Едукација и обука 2010” [18]. Иднината на Европа зависи од степенот на кој граѓаните може да се соочат со економските и социјални предизвици. “Европската област на доживотно учење” [19] ќе им овозможи на граѓаніте да се движат слободно помеѓу работните места, регионите и земјите со цел стекнување искуства, знаења и способности. Доживотното учење обезбедува “втора шанса” за обнова на основните вештини и исто нуди можност за учење на понапреднато ниво. Сето ова значи дека формалните системи на подготовка треба да бидат поотворени и флексибилни до потребите на потенцијалните ученици.

[18] http://ec.europa.eu/education/lifelong-learning-policy/framework_en.htm

[19] http://europa.eu/legislation_summaries/education_training_youth/lifelong_learning/c11054_en.htm

## *2.2 МАКЕДОНСКАТА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ*

## *2.3 ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА МАКЕДОНСКА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ*

Македонската рамка на квалификации е инструмент за развивање, класифицирање, препознавање и за признавање на стекнатите квалификации преку резултатите од учење. Македонската рамка на квалификации се заснова на традиционалниот образовен систем, сегашната состојба во образованието, обуката и системот на квалификации, развојот на општеството, потребите на пазарот на трудот, потребите на поединецот, насоките на Европската рамка на квалификации и на меѓународните прописи кои ги прифатила Република Македонија.

МРК има за цел да ги интегрира и да ги координира образовните потсистеми и да ги подобри транспарентноста, пристапот, напредокот и квалитетот на квалификациите во однос на пазарот на трудот и граѓанското општество.Со МРК се поставуваат јасни критериуми на квалитет за стекнување на квалификација на одредено ниво што учесникот може да ја стекне по завршувањето на образованието и обуката.

Квалификациите кои се вклучени во МРК се однесуваат на општото образование, формалното стручно образование и обука, неформалното образование и обука и на високото образование.

Со воведување и имплементирање на МРК се постигнуваат следниве резултати:

- **Квалификациите стануваат појасни, со јасно дефинирани цели, што ќе резултира со:**

- дефинирани резултати од учењето и критериумите за оценување ;

- рефлектирани потреби на работодавачите и на општеството;
- постигнувања преку формално и неформално учење и преку оценување и признавање на претходното учење и
- стручни квалификации кои се поврзани со пазарот на трудот.

➢ **Олеснување на признавањето на резултатите од учењето и подобрување на мобилноста, на национално и на меѓународно ниво, што ќе резултира со:**

- регистар на квалификации кој ќе биде транспарентен за заинтересираните страни;
- повеќе начини за постигнување на квалификации – преку признавање на претходно стекнатите знаења, вештини и компетенции и
- повеќе патишта за напредување и можност за хорозонтална и вертикална проодност во националниот систем.

➢ **Можност за признавање и акредитирање на неформално учење, што ќе резултира со:**

- споредливост помеѓу националните квалификации и квалификациите стекнати во странство;
- јасни врски со Европската рамка на квалификации и со други релевантни системи во ЕУ и
- учениците/лицата кои учат имаат можност да го продолжат образованието и обуката или да се вработат во други земји.

➢ **Изедначување на квалитетот на програмите и понудувачите на услуги, што ќе резултира со:**

- транспарентност и доверба во системот;
- фокусираност на образованието и обуката на резултатите од учење;
- имплементирање на квалификации стекнати преку различни образовни и студиски програми и неформално образование и обука

- обезбедување доверба во националните квалификации преку системите за квалитет.

МРК не се споменува во ниеден од постојните закони за основно, средно, стручно образование и обука и за образование на возрасни кои беа донесени пред подготовката на Македонската рамка на квалификации, освен во Законот за високото образование член 99, бидејќи во 2010 година беше изготвена Националната рамка за високообразовните квалификации во РМ, а последните измени на Законот за високото образование се направени во 2011 година. Поради тоа, постои потреба од измени во законите за основно, средно, стручно образование и обука и за образование на возрасни со кои ке се обезбеди поврзаност со МРК и потреба од донесување на Закон за Национална рамка за квалификации со кој ќе се уреди МРК .

## *2.4 ОСНОВНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА СИСТЕМИТЕ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МРК*

- Анализа на Стуктураи и Тела како дел од системот надлежни за развој, проверка, усвојување, признавање на квалификациите во МРК образовните програми, стручните програми и програмата

Научната цел на ова истражување е систематизацијата на сознанијата, односно поврзување на фактите, информациите и податоците и нивно заокружување во една конзистентна концепција. За остварување на оваа цел ќе се изврши анализа на публикации, на извештаи, на стратегии и други докуменети преку кои ќе се сознава

процесот на воведување на НРК како предуслов на РМ за пристапување кон Европската унија. Во фокусот на анализата ќе биде проучувањето и анализирањето на процесот за воспоставување на МРК. Македонската рамка на квалификации ги има следниве цели:

1. да ги направи квалификациите појасни, со јасно дефинирана цел;
2. да го олесни признавањето на резултатите од учење;
3. да обезбеди меѓународно препознавање и признавање на квалификациите;
4. да обезбеди мобилност на учесниците на национално и на меѓународно ниво;
5. да се создаде единствен систем за управување со квалитет и
6. да го изедначи квалитетот на понудувачите на услуги.

➢ **Видови на квалификации и документи**

Македонската рамка на квалификации ги уредува следниве видови квалификации:

- квалификации на ниво на образование (образовно ниво) и
- стручни квалификации

Квалификациите на ниво на образование се стекнуваат со завршување на образование за јавно донесени образовни програми и со достигнување на резултати од учењето од истите, по извршена пропишана проверка. Квалификациите даваат доказ дека се постигнати бараните и пропишаните стандарди на определено образовно ниво. Тие, според опфатот на општото и стручното знаење и на компетенциите, овозможуваат личен и професионален развој, односно можност за продолжување на образованието или за вклучување на пазарот на трудот (вработување). Доказ за стекнатата квалификација на ниво на образование претставува свидетелство, уверение и диплома.

Стручните квалификации се стекнуваат за дел од јавно донесени образовни програми (модули, курсеви и сл.) или со завршување на посебни програми за образование, по извршена пропишана проверка. Овие квалификации претставуваат формално призната оспособеност за извршување на работи во рамките на едно или на повеќе занимања на

определено ниво на барања. Тие даваат доказ дека се постигнати помали групи на резултати на учење или комбинации на резултати на учење кои не ги задоволуваат барањата на постигањата за образовно ниво (ниво на образование). Примарно, содржат стручни компетенции од еден или од повеќе стандарди на занимања и директно се однесуваат на пазарот на трудот, односно овозможуваат вработување. Стручните квалификации добиени на неформален начин ќе бидат оценувани од стручна комисија формирана од Секторските комисии. Стручното оценување значи евалуација на доказите и евалуација на практичните вештини и знаења. Доказ за стекнатата стручна квалификација претставува сертификат.

## *2.5 СЕКТОРИ НА КВАЛИФИКАЦИИ*

Квалификациите се групираат според секторот на кој му припаѓаат. Секторите на квалификации содржат потсектори, области и подобласти. На тој начин се овозможува класификација на сите квалификации во четири групи: сектор, подсектор, област и подобласт. Нив ги дефинираат секторски комисии.

Системот за класификација на квалификациите ќе обезбеди транспарентност на постапките при определување на квалификациите според содржината на работата, во согласност со потребите на пазарот на трудот, стопанството, општеството и во согласност со образованието, како и транспарентост при групирањето на квалификациите кои имаат иста или слична содржина на знаења и вештини, односно резултати на учење. Истовремено, овој систем ќе овозможи полесно доделување на единствен

идентификациски код на секоја квалификација во рамките на Македонската рамка на квалификации.

**Сектори на квалификации во стручното образование се:**

| | |
|---|---|
| 01 | Геологија, рударство и металургија |
| 02 | Градежништво и геодезија |
| 03 | Графичарство |
| 04 | Економија, право и трговија |
| 05 | Електротехника |
| 06 | Здравство и социјална заштита |
| 07 | Земјоделство, рибарство и ветеринарство |
| 08 | Лични услуги |
| 09 | Машинство |
| 10 | Сообраќај, транспорт и складирање |
| 11 | Текстил, кожа и слични производи |
| 12 | Угостителство и туризам |
| 13 | Хемија и технологија |
| 14 | Шумарство и обработка на дрво |
| 15 | Спорт и рекреација |
| 16 | Уметности |

Секој сектор на квалификации има своја рамка во која се разместуваат квалификациите според видот и според нивоата. Рамката на секторот на квалификации овозможува да се согледа односот помеѓу видовите и нивоата на квалификации во секторот. Од неа може да се види можноста за проодност и за напредување во рамките на секторот и за стекнување на иста квалификација по различен пат (по завршена образовна програма, по проверката на претходно стекнаттите знаења, вештини и компетенции и сл.).

Квалификациските рамки на секторите се изработуваат врз основа на анализа на состојбите во секторот, односно подрачјето на трудот (состојба на пазарот на трудот, можност за стекнување на квалификации, тенденции во развојот на дејноста, меѓународно споредување и сл.) Тие ќе бидат развојно концепирани и отворени за дополнување со нови квалификации во согласност со потребите и со промените на пазарот на трудот.

За високообразовните квалификации се применува Фраскатиевата класификација. Во ЕНЕА рамката (пошироко позната како Болоњска рамка) има три циклуси како и краток циклус во рамките на првиот циклус (што беше поврзани со четирите највисоки нивоа во Европската рамка на квалификации). Тие се дефинирани со дескриптори кои се познати како Даблински дескриптори и кои ги конкретизираат резултатите од секој циклус, вклучувајќи го тука и краткиот циклус. Тие опфаќаат области како што се знаење и разбирање; интегрирање на знаењето; комуникација и вештини за учење. Обемот на учење кој е во врска со квалификациите во првиот и во вториот циклус (како и краткиот циклус) се исто така дефинирани во Болоњската рамка3. Резултатите и обемот понекогаш се комбинираат со други општи информации во дескриптори на квалификации за разни видови на квалификации (како што се сертификати од кратки циклуси или дипломи, универзитетски дипломи и магистерски). Во некои држави се изготвен и и подетални резучтати кои биле изготвени за различни академски дисциплини, кои понекогаш се нарекуваат полиња на студирање, за некои или за сите циклуси или квалификации (во Велика Британија овие се нарекуваат benchmark statements).

- **Болоњскиот процес**

Болоњскиот процес се стреми кон креирање на високообразовна област во која стандардите за академски дипломи и стандардите за осигурување на квалитет се поспоредливи и покомпатибилни. Во Европа ова е планирано да се постигне до 2010г. Рамката усвоена за високообразовната област содржи три циклуси на високообразовни квалификации, дефинирани од аспект на квалификации и Европски кредит трансфер систем (ЕКТС)и Систем на акумулирање на (ЕКТС) кредити. Постои и краток циклус во рамките на првиот циклус. Една академска година одговара на 60 ЕКТС кредити.

Академска година е обично 1500-1800 часа на учење од различен вид. Конкретното именување на дипломите веројатно варира од земја во земја.

- Краток циклус во рамките на првиот циклус: обично 120 ЕКТС кредити – со ова се стекнувате со квалификација која е помалку од диплома
- Прв циклус: обично 180–240 ЕКТС кредити – обично се добива диплома за дипломски студии
- Втор циклус: обично 90–120 ЕКТС кредити (минимум од 60 на ниво на втор циклус) обично се добива Магистерска диплома
- Трет циклус: не постои типичен број на ЕКТС кредити - Докторат

Постојат описи за четири циклуси ( “Даблински дескриптори”) - краткиот циклус има свои посебни описи - и тие се поврзани со најгорните 4 нивоа во ЕРК. Земјите ќе си издаваат сертификати според Рамката, следејќи критериуми поставени од Болоњската работна група за Рамката. Болоњската Декларација охрабрува соработка во осигурувањето квалитет во високото образование, сметајќи дека треба да се развиваат споредливи критериуми и методологии. Република Македонија официјално ја потпиша Болоњската декларација на 19 септември 2003 г. Европската мрежа за осигурување на квалитет во високото образование (ЕАОК) , која ги подготви "Стандардите и насоките за осигурување на квалитет во европската високообразовна област", е поддржана од Европската Комисија. Европските министри одобрија креирање на Европски регистар на агенции за осигурување на квалитет и Европски стандарди и насоки за осигурување на квалитет. Со имплементацијата на Болоњскиот процес, високообразовните системи во европските земји мораат да се организираат на начин кој овозможува лесно движење од една во друга земја во рамките на таа Европска високообразовна област.

## *2.6 ОБЕМ НА КВАЛИФИКАЦИИ/КРЕДИТИ*

Обемот на квалификациите, односно нивната кредитна вредност се определува со број на кредити. Кредит претставува мерна единица за вреднување на работата што треба да ја оствари кандидатот за постигнување на целта. Со него се мери оптоварувањето на кандидатот кој што учи со оглед на времето кое е потребно за стекнување на една квалификација, односно за остварување на резултатите на учењето. Во таа смисла, на секоја образовна програма, модул, наставен предмет или друга единица на учење и се доделува определен број кредити.

Секој кредит во основното, во средното образование и обука, као и кај неформалното учење е еквивалентен на 25 часа учење, а во високото образование на 30 часа. Тука се вклучени предавање, самостојно учење, практична работа, работно искуство[20] и демонстрација на наученото во насока на проверка на резултатите на учење.

Во системот на формалното образование, една учебна, односно академска година изнесува минимум 60 кредити.

Во македонскиот систем на пренесување на кредити постои еден вид на кредити, кој се применува на сите нивоа и за сите видови на квалификации и истиот е еквивалентен на ECTS или ECVET кредити. Кредитите се преносливи, што значи дека еднаш стекнатиот кредит/и може да се користи за стекнување на повеќе квалификации на исто ниво кои ја содржат таа заедничка единица на учење или модул. Тие се признаваат при запишувањето и напредувањето. Доколку некој постигнал кредит/и кој претставува дел од наредната квалификација (на повисоко ниво) што сака да ја стекне, тогаш тој кредит/и се признава. Со ова се избегнува потребата за повторно учење и докажување на

[20] Работно искуство - се мисли во неформалното образование(образование за возрасни)

компетенциите кои веќе се сертифицирани. Тоа е процес кој овозможува резултатите на учењето постигнати во еден контекст да се признаваат во друг контекст. Се заснова на постапките на проверка, потврдување и признавање на резултатите на учењето.

## *2.7 ОПФАТ И СТРУКТУРА НА МРК*

Квалификациите вклучени во МРК се однесуваат на сите нивоа на образование и обука, без разлика дали се стекнати преку формално или преку неформално учење. Во МРК ќе бидат вклучени и квалификациите стекнати пред воведувањето на рамката.

При изготвувањето на МРК се користени постојните квалификации за високото образование, квалификации за општото образование, квалификации за формално образование за стручно образование и обука и основните неформални обуки за образование на возрасни.

Во МРК, квалификациите се поставени во осум нивоа, кои се во корелација со осумте нивоа од Европската рамка на квалификации и циклусите на Болоњскиот процес во високото образование. На овој начин, квалификациите од МРК ќе можат полесно да се споредуваат со меѓународните квалификации.

Три од овие нивоа содржат поднивоа (вкупно шест поднивоа), со цел да се усогласат со постојниот систем за образование и обука во земјата. Оваа структура се базира на постоечките квалификации во Македонија.

Најгорните четири нивоа од МРК се на исто ниво со трите Болоњски циклуси и Болоњскиот краток циклус, односно стручните студии од краткиот циклус во рамките на првиот циклус се на ниво пет, подниво А, стручните и универзитетските студии се на ниво шест, магистерските студии се на ниво седум, а докторските студии се на ниво осум.

Второто подниво, од ново пет, се однесува на постсредното образование во кои спаѓаат специјалистичкиот и мајсторскиот испит.

Квалификациите кои овозможуваат директен пристап во високото образование се на ниво четири. Главна квалификација во оваа категорија е државната матура и стекнување на диплома.

Другите квалификации од стручното образование и обука се на ниво три (стручно образование за занимања во траење од три години) и на ниво два (стручно оспособување со траење од една или две години ), а на ниво еден е основното образование.

**Слика 1 (Анекс 1)**

| МРК ниво | Подниво | Општо образование | Формално стручно образование и обука | Неформално образование и обука | Високо образование | ЕРК ниво |
|---|---|---|---|---|---|---|
| VIII | | | | | III Циклус на студии<br>**докторски студии** | 8 |
| VII | VII A | | | | II Циклус на студии<br>**магистерски академски студии**<br>(од 60 до 120 кредити) | 7 |
| | VII Б | | | | II Циклус на студии<br>**специјалисти-чки студии**<br>(60 кредити) | |
| VI | VI A | | | | I Циклус на студии<br>**универзитетски студии**<br>(240 кредити)<br>**стручни студии**<br>(240 кредити) | |
| | VI Б | | | | I Циклус на студии<br>**универзитетски студии**<br>(180 кредити)<br>**стручни студии**<br>(180 кредити) | 6 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| V | V A | | | | **стручни студии** (од 60 до 120 кредити) **Кратки циклуси** во рамките на првиот циклус | 5 |
| | V Б | | постсредно образование (специјалисти-чко образование и мајсторски испит) (од 60 до 120 кредити) | постсредно образование (специјалисти-чко образование и мајсторски испит) | **постсредно образование** | |
| IV | | гимназиско образова-ние (240 кредити) | четиригодиш. техничко образование (240 кредити) | неформално образование за стекнување на квалификација или дел од квалификација (ниво на сложеност 4, во согласност со стандардите на занимања) | **средно образование** | 4 |
| III | | | стручно образование за занимања (во траење од три години) (180 кредити) | неформално образование за стекнување на квалификација или дел од квалификација (ниво на сложеност 3, во согласност со стандардите на занимања) | **средно образование** | 3 |
| II | | | стручно оспособување во траење до две години (од 60 до 120 кредити) | неформално образование за стекнување на квалификација или дел од квалификација (ниво на сложеност 1 и 2, во согласност со стандардите на занимања) | **стручно оспособување** | 2 |
| I | | основно образова -ние | | функционална писменост и нумерички вештини | **основно образование** | 1 |

**Предложена Македонска рамка на квалификации, која ги прикажува предложените нивоа на квалификации во четирите области и корелација со ЕРК**

- Ниво I, се однесува на завршено основно образование и учесниците се стекнуваат со свидетелство, а во неформалното образование и обука се однесува на знаење и вештини за функционална писменост и нумерички вештини и учесниците ќе се стекнат со сертификат.
- Нивото II се однесува на стручно оспособување во траење до две години и учесниците се стекнуваат со уверение за стручно оспособување, а во неформалното образование и обука се однесува за обуки за стекнување на квалификации или дел од квалификации (ниво на сложеност 1 и 2 , во согласност со стандардите на занимања) и учесниците се стекнуваат со сертификат.
- Нивото III се однесува на стручно образование на занимања во траење од три години и учесниците се стекнуваат со диплома, а во неформалното образование и обука се однесува за обуки за стекнување на квалификации или дел од квалификации (ниво на сложеност 3 , во согласност со стандардите на занимања) и учесниците се стекнуваат со сертификат.

  Учениците со посебни образовни потреби за ниво III се образуваат 4 години и се стекнуваат со диплома.
- Нивото IV се однесува на гимназиското образование, техничкото образование, и уметничкото образование во траење од четири години и учесниците се стекнуваат со диплома, а во неформалното образование и обука се однесува за обуки за стекнување на квалификации или дел од квалификации (ниво на сложеност 4 , во согласност со стандардите на занимања) и учесниците се стекнуваат со сертификат.

  Учениците со посебни образовни потреби за ниво IV се образуваат 5 години и се стекнуваат со диплома.

- Нивото V, поднивото VБ се однесува на постсредното образование (специјалистичко образование и мајсторскиот испит) и учесниците се стекнуваат со диплома за специјалистичко образование и диплома за мајсторски испит.
- Нивото V, поднивото VA се однесува за кратките циклуси во високото образование и учесниците се стекнуваат со диплома.
- Во нивото VI, поднивото VIБ се однесува за тригодишните додипломски студии и учесниците се стекнуваат со диплома.
- Во нивото VI, поднивото VIA се однесува за четиригодишните додипломски студии, и учесниците се стекнуваат со диплома.
- Во нивото VII, поднивото VIIA се однесува на специјалистичките студии и учесниците се стекнуваат со диплома.
- Во нивото VII, поднивото и VIIБ се однесува на магистерските студии и учесниците се стекнуваат со диплома.
- Нивото VIII се однесува на докторските студии и учесниците се стекнуваат со диплома.

**Слика 2 (Анекс 2 )**

**Квалификации во МРК и документи за оценетите квалификации**

| МРК ниво | Под ниво | Општо образование | Формално стручно образование и обука | Неформално образование и обука | Високо образование | ЕРК ниво |
|---|---|---|---|---|---|---|
| VIII | | | | | Болоња циклус 3 **Диплома за научен степен –доктор на науки** | **8** |
| | **VII A** | | | | Болоња циклус 2 **Диплома за магистер** | **7** |
| | **VII Б** | | | | Болоња циклус 2 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| VII | | | | | **Диплома за специјалист** | |
| VI | VI А | | | | Болоња циклус 1<br>Универзитетски студии<br>Стручни студии<br>**Диплома**<br>(четири год.) | 6 |
| | VI Б | | | | Болоња циклус 1<br>**Диплома**<br>(три години) | |
| V | VA | | | | Болоња краток циклус<br>**Уверение** | 5 |
| | VБ | | **Диплома за Специјалисти-чко образование**<br><br>**Диплома за Мајсторски испит** | **Сертификат** | **постсредно образование** | |
| IV | | Државна матура и училишна матура/ **Диплома** | Државна матура и училишна матура (техничко образование) **Дипома** | **Сертификат** | **средно образование** | 4 |
| III | | | **Диплома за завршен испит**<br>(стручно образование за занимања) | **Сертификат** | **средно образование** | 3 |
| II | | | **Уверение за стручно оспособување** | **Сертификат**<br>(основни работни квалификации) | **стручно оспособување** | 2 |
| I | | **Свидетел ство** | | **Сертификат за функционална писменост и нумерички вештини** | **основно образование** | 1 |

МРК им овозможува на организациите и на поединците да ги поврзат квалификациите, имајќи ги предвид нивоата, а не начините преку кои квалификациите биле постигнати.

**Слика 3**

**Споредба на степените на високото образование пред и по Уредбата[21]**

| Ниво во Националната рамка на ВО квалификации | VIII | VII | | VI | | V | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | VIIA | VIIБ | VIA | VIБ | VA | VБ |
| **Поранешни Степени** | VIII | VII/2 | | VII/1 | | VI | |

**Описи на нивоата од МРК**

Нивоата во МРК се дефинирани со описи на нивоа кои ги наведуваат резултатите од учењето карактеристични за тоа ниво. Описите се искази за нивоата кои овозможуваат споредби помеѓу резултатите од учење.

Описите на нивоата, дефинирани во МРК, се во корелација со описите на нивоата во ЕРК. Тие ги вклучуваат термините од описите од ЕРК. Содржат резултати од учење на секое ниво во смисла на знаења, вештини и компетенции (во потесна смисла во однос на самостојност и одговорност).

[21] Уредба за Национална рамка на високообразовните квалификации (сл. весник на РМ бр. 154 од 31.11.2010 г.)

**Слика 4 (анекс 3)**

**Национална рамка на квалификации – нивоа и описи**

| Ниво | Знаење и разбирање | Вештини | Компетенции |
|---|---|---|---|
| 8 | Покажува систематско разбирање на полето на истражување и совршено познавање на методи и вештини за истражување во рамките на тоа поле во согласност со највисоките меѓународни стандарди;<br><br>Поседува знаење стекнато со сопствено истражување или работа со кое дава значаен придонес во професионалното и научното поле на истражување, но и во сродните на него полиња. | Покажува способност да толкува, дизајнира, применува и адаптира суштински предмет на истражување со научен интегритет;<br><br>Го користи своето знаење како основа за оригинални идеи и истражувања кои ги надминуваат постојните граници на знаење, развивајќи нови знаења, вреднувани на ниво на национални и на меѓународни рецензирани публикации;<br><br>Способност за критичка анализа, оценување и синтеза на нови и сложени идеи, неопходни за решавање на сложени проблеми во полето на истражување;<br><br>Способност за независно иницирање и учество во национални и во меѓународни истражувачки мрежи и настани со научен интегритет;<br><br>Способност за независно иницирање на истражувачки и развојни проекти, преку кои ќе генерира ново знаење и вештини за развој на истражувачкото поле;<br><br>Се очекува да биде способен да се промовира во академски и професионални рамки и во технолошкиот, општествениот или културниот развој во општество засновано на знаење;<br><br>Може да комуницира со своите колеги, пошироката академска заедница и со општеството во целина во рамките на својата област на експертиза; | Презема максимална одговорност за резултатите од својата сопствена работа, но и за работата на останатите во групата.<br><br>Презема одговорност за раководење со комплексни процеси, со истовремена грижа за професионалниот развој на поединецот и на групата во целина; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7 | Покажува знаење и разбирање за научното поле на проучување (или студирање) кое се надградува врз првиот циклус, применувајќи методологии соодветни за решавање сложени проблеми, како на систематски, така и на креативен начин, што обезбедува основа или можност за оригиналност во развивањето и/или примената на автономни идеи во контекст на истражувањето;<br><br>Покажува високо ниво на професионална компетентност во едно или во повеќе специфични научни полиња;<br><br>Поседува знаење од една или повеќе предметни области кои, во дадените научни полиња, се засноваат на најреномирани меѓународни истражувања во тоа научно поле, како и способност за поврзување на проширено и продлабочено знаење во сродни професии или научни полиња. | Способност за критичко, независно и креативно решавање проблеми со одредена оригиналност во нови или во непознати средини и во мултидисциплинарен контекст, поврзани со полето на студирање;<br><br>Способност за синтетизирање и интегрирање на знаењето и за справување со сложени прашања, систематски и креативно;<br><br>Способност за оценување и селекција на научни теории, методологии, алатки и општи вештини од предметните области, и поставување на нови анализи и решенија на научна основа.<br><br>Способност за препознавање на личната потреба за понатамошно знаење и способност за независно и самостојно делување при стекнувањето нови знаења и вештини во општествени рамки;<br><br>Способност за размена на заклучоци и предлози со аргументирање и со рационално поткрепување на истите, како со стручни, така и со нестручни лица, јасно и недвосмислено; | Покажува значителна одговорност за сопствените и заедничките резултати, за водење и иницирање активности;<br><br>Способност за солидно проценување дури и при нецелосни и ограничени информации, но кои ги вклучуваат личните, општествените и етичките одговорности при примената на стекнатото знаење и проценка;<br><br>Способност за преземање одговорност за понатамошен професионален развој и усовршување, како сопствен, така и за групата со која соработува. |
| 6 | Покажува знаење и разбирање во научното поле на студирање кое се надградува врз претходното образование и обука, вклучувајќи и познавање во доменот на теоретски, практични, концептуални компаративни и критички перспективи во научното поле според соодветна методологија;<br><br>Разбирање на одредена област и познавање на тековните прашања во врска со научните истражувања и новите извори на знаење;<br><br>Покажува знаење и разбирање за разни теории и методологии | Може да го примени знаењето и разбирањето на начин што покажува професионален пристап во работата или професијата;<br><br>Покажува способност за идентификација, анализа и решавање проблеми;<br><br>Способност за пронаоѓање и поткрепување аргументи во рамките на професијата или полето на студирање;<br><br>Способност да прибира, анализира, оценува и презентира информации, идеи и концепти од соодветни податоци; | Презема одговорност за сопствените резултати и поделена одговорност за колективните резултати;<br><br>Способност за независно учество, со професионален пристап, во специфични научни и интердисциплинарни дискусии.<br><br>Донесува соодветна проценка земајќи ги предвид личните, општествените, научните и етичките аспекти; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | неопходни за пошироката област на истражување. | Способност да оценува теоретски и практични прашања, да дава објаснување за причините и да избере соодветно решение.<br><br>Презема иницијатива да ги идентификува потребите за стекнување понатамошно знаење и учење со висок степен на независност.<br><br>Способност да општи и расправа за информации, идеи, проблеми и решенија, кога критериумите за одлучување и опсегот на задачата се јасно дефинирани како со стручна, така и со нестручна јавност; | |
(НРК закон, член 15) Надлежните органи, институции, тела и комисии за развој, проверка, усвојување, препознавање и класификација на квалификациите во НРК кои се од есенцијално значење за заживувањето на НРК а тоа се:

- Националниот совет за македонската рамка на квалификации (се уште не е формиран)
- Секторски комисии на квалификациите
- МОН(воведување на формална структура/одделение за поддршка на НО)
- МТСП
- БРО
- Центар за стручно образование и обука
- САЕ

Националниот совет за НРК е клучната алка во пирамидата за управување со рамката, ќе биде воспоставена во 2015-2016. Одобрувањето на квалификациите го врши Националниот совет за Македонската рамка на квалификации. (Алтернатива: Национална агенција за квалификации).

Надлежности на Националниот совет за Македонската рамка на квалификации кои се особено комплексни и очекуваат голема координативна моќ а тоа се:

- да донесува одлуки за распоредување на квалификациите во МРК;
- да предлага развој и унапредување на квалификациите до надлежните институции;
- да донесува одлуки за усогласување на постојните квалификации со МРК;
- да го следи развојот на МРК во целина;
- да развива и усвојува методолошки документи ;
- да утврдува соодветни критериуми за работата на тела, органи и комисии и да дава насоки за нивното работење;
- да одлучува за дефинирање на потсекторите, областите и подобластите во рамките на секторите на квалификации;
- да разгледува и усвојува извештаи доставени од тела и комисии;

- до Владата да поднесува извештаи за својата работа.

МОН иницираше постапката да се воведе единица за НРК, и таква единица е вклучена во новата систематизација на Министерството (2015). Сепак, во времето на пишување, единицата се уште не е во функција, вработени се таргетирани , наменети за него. Од особено значење е ставање во функција на оваа единица чии капацитети ќе се зајакнуваат со странска екпертиза, овозможена од ЕУ ИПА Помош, и тоа преку Твининг проект, кој идеално ќе ги надополни потребите за воспоставување на функционален систем за имплементација на МРК.

Од аспект на одговорности, мора да се спомене и Министерство за труд и социјална политика кое е одговорно за одобрување на професионалните стандарди заедно со ЦСОО но оваа функција не е доволно добро организирана и прилично го успорува процесот на донесување на нови стандарди. Како резултат на тоа, голем број на нови стандарди кои беа изработени во рамки на проекти од донаторска помош, не беа официјално одобрени. Постојат големи надежи дека имплементацијата на НРК во 2015 година ќе да придонесе за решавање и симплифицирање на ова прашањ. Во времето на пишувањето, договор за подобрување на соработка меѓу МОН и МТСП е во подготовка, приоретизирајќи ги аспектите на професионалните стандарди и други прашања што се однесуваат на НРК.

Анализа на институционалните аранжмани и капацитети, е направена и како дел од извештајот на проектот Вештини на Европската тренинг фондација (2014), исто така увидува некои од прашањата кои влијаат врз ефикасното функционирање на управување во развој на човечки ресурси и политики кои рабтат на воспоставувањето на НРК.

- Аспектот на институционалните капацитети: извештајот сублимира дека има доволно човечки капацитети со потребните профили и вештини (особено, ефикасна комуникација на англиски јазик), и тоа резултира со често преоптоварување на повеќето квалификувани кадри, алудирајќи на фактот дека кадрите кои во моментот извршуваат задачи во рамките на НРК, се пред се вработени во

останатите сектори на МОН, и активностете поврзани за НРК се дополнителни обврски на редовните.

- Од аспект на вклученост на затекнатите страни, извештајот вели дека некои агенции се длабоко вклучени во реализацијата на повеќе проекти поддржани од донатори, кои во одредени случаи доведува до пореметување на секојдневната работа за сметка на проектната задача која често се разликува по поставените цели, од оние на државната институција.
- Некои од законски совети на повеќе засегнати страни едноставно не се функционални, што се должи на ограничените капацитети на институциите кои се вклучени како и финансиските ограничувања. Ова негативно влијае на квалитетот и систематизација на политички дијалог, кој е од клучно значење во развој на човечки ресурси и развојните политики. Научени лекции од неефикасно функционирање на овие совети може да укажуваат на тоа кои прашања треба да се избегнуваат, а кои решенија да се земат превид при воспоставувањето на нови совети и одбори, за кооi се потребни многу ресурси и врз основа на систематска соработка помеѓу државните органи, како и со социјалните партнери и светот на работа (бизниси, синдикати).

Истовремено, мора да се очекува дека на Националната рамка за квалификации ќе и' бидат потребни неколку години за да може целосно да се формира и дека можеби ќе бидат потребни некои измени во некои делови од нејзиниот дизајн и функционирање во тој период. Поради ова, се предлага законот да ја утврдува само основната архитектура на Националната рамка за квалификации и нејзините механизми за функционирање додека самите детали треба да бидат пропишени во подзаконски акти, одлуки од Министерството и/ или известувања кои ги издаваат оперативните тела

Откако ќе се постигне договор за структурните и политичките прашања, како и примената на Законот за НРК, телата надлежни за Националната рамка за квалификации

треба да воспостават национален план за имплементација со прифатени активности и датуми со кои ќе бидат опфатени полињата од главните процеси. Ова би значело пополнување на националната рамка за квалификации, подобрување на квалификациите и подобри овозможувања, како и планови за развој на обезбедувањето на квалитет и процеси.

Во Европската рамка на квалификации има дескриптори за секое од осумте нивоа кои ги утврдуваат резултатите во вид на кратки тврдења за знаењето, вештините и надлежностите. Не постојат предлози или насоки за видовите на квалификации кои би биле типични на различни нивоа, и ова е соодветно кога се има во предвид природата на Европската рамка на квалификации и потенцијалниот ранг на големини, дизајни и цели на квалификациите за стручно образование и обука. Сепак, повеќе држави имаат преземено чекори за создавање на дескриптори за квалификации за одредени нивоа на квалификации во Националната рамка на квалификации преку комбинирање на информации за типичните резултати и за обемот. Во Македонија досега не е направено нешто вакво. Исто така, во некои држави се изготвени и уште подетални резултати за одредени занимања на одредени нивоа – овие може да ги наречеме профили или стандарди за занимања.

Европската рамка на квалификации особено значение при имплементирање на националната рамка на квалификации дава на предложените аранжмани се однесуваат на верификација на содржината на рамката (квалификациите) и верификација на капацитетот на различните институции за да ги оценуваат и сертифицираат квалификациите содржани во рамката и активностите за обезбедување на квалитет. На овие аспекти Република Македонија особено треба да даде фокус и покаже подготвеност за нивно спроведување во пракса, бидејќи во Законската рамка тие се веќе специфицирани и одредени, но нивното активно практицирање сеуште не е започнато.

Обезбедувањето на квалитет се однесува на квалитетот на квалификациите во МРК, на процесите кои водат до стекнување квалификација и на јавните документи што се доделуваат на учесниците кои ја стекнале квалификацијата. Веродостојноста и

транспарентноста се постигнуваат преку воведување процеси за квалитет, преку кои се верифицираат квалификациите и се верифицираат/акредитираат[23] институции.

Системот за обезбедување на квалитет опфаќа:

- верификација на квалификациите;
- верификација и реверификација на посебните програми за образование на возрасни;
- дефинирање на надлежностите на органите и на институциите кои се вклучени;
- верификација/акредитација на институциите;
- процедури и стандарди за признавање и сертифицирање на предходното учење;
- евалуација на програми и на институции, самоевалуација, надворешно оценување или надворешна ревизија и објавување на резултатите;
- постапки за нострификација[24]/признавање и еквиваленција и
- меѓународно учество, соработка и вмрежување.

Каде оперативна улога во обезбедување квалитетот на МРК, ја имаат:

- Министерството надлежно за работите од областа на образованието и науката
- Центар за стручно образование и обука
- Центар за образование на возрасни
- Одбор за акредитација на високото образование
- Биро за развој на образование
- Државен испитен центар
- Државен просветен инспекторат
- Институциите кои се јавуваат како понудувачи на образование и обуки

Земајќи предвид дека во Законот не се јасно дефинирани надлежностите на овие институции, нити е опишана комплексноста на обрските во тој процес, се очекува дека тоа

[23] Поимот акредитација се користи во високото образование.

[24] Поимот нострификација се користи за признавање на квалификации, согласно постоечките закони за основно и средно образование.

е работа која ќе биде сработена во рамките на идните проекти, и би се предвиделе во подзаконски акти.

Но она што и според моите досегашни увидувања е најважно, а исто така може да се сретне како главна забелешка во повекето извештаи за МРК, е потребата за воспоставување на ***Институции или инструмент за мониторинг и евалуација*** – иако начелно постои визија за спроведување на ваков инструмент, но сепак недостигот на екпертиза во оваа област го отежнува неговото воведување и активно користење.

Обврската за извршување на овие функции (која ќе биде тесно поврзана со критериумите за верификација на Националната рамка на квалификации) ќе биде исто така и кај надлежните тела за Националната рамка на квалификации. Сепак, тие ќе треба да ја користат помошта и од други тела со цел прибирање на информации. Во случај на квалификациите, повратната информација ќе се обезбедува од корисниците на квалификациите, како што се социјалните партнери, високообразовните институции, студентите/ учениците во општите, училиштата за средно стручно образование и обука и во високото образование, како и од возрасните лица кои учат. Може да се вклучат и други тела со интерес за квалификациите како што се Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување. Во случај на следење на квалитетот во институциите, од суштинско значење ќе биде работата на Државниот испитен инспекторат (освен во високото образование). Врската помеѓу Државниот испитен инспекторат и телата надлежни за општото, стручното и образованието на возрасни би можела да се засили преку воведување на формална надлежност на Државниот испитен инспекторат да дава извештаи од работењето на институциите кои биле верификувани во однос на Националната рамка на квалификации до надлежното тело. Овие извештаи би опфатиле области опфатени со критериумите за верификација. Би било логично Државниот испитен инспекторат да ги испитува и да дава извештаи за внатрешното обезбедување на квалитетот кај оценувањето и на процесите за сертифицирање кај институциите кои биле верифицирани – и да го предупредува надлежното тело за Национална рамка за квалификации во случај на недоследности.

И на крајот кога ќе се погледне генералната слика за процесот на воспоставување на НРК и она што е досега сработено, од оваа песпектива може да се каже дека Република Македонија ја очекува уште многу работа, иако појдовните основи се веќе втемелени, поддршката на странската еспертиза во целовкупниот процес е постојано присутна и обезбедува некаква сигурноост дека сепак ќе упееме да ја изнесеме задачата на високо ниво.

Политичката посветеност и увидувањето на националното значењето за воспоставувањето на овој инстумент е секако позитивна страна, а бенефитите од истиот може да се користат и во предпристапната фаза, оносно и пред Пристапот на РМ кон Унијата кои ќе ја олеснат мобилноста на сите граѓани.

**Од аспект на исполнување и придобивки од очекувани резултати од воведувањето и имплементирањето на рамката,** правењето на рамката појасна, со јасно дефинирани цели, резултира со следното:

- квалификации кои имаат јасно дефинирани резултати и критериуми за оценување кои ги утврдуваат стандардите за постигнување во учењето
- квалификации кои ја одразуваат потребата на работодавачите и на општеството
- квалификации кои можат да се постигнат преку формалното и неформалното учење и преку оценување и валидирање на претходното учење
- стручни квалификации со јасно упатување на вработувањето
- сертификати кои подетално ги прикажуваат постигнувањата на лицето олеснувањето на признавањето на резултатите од учењето и подобрената мобилност на национално и меѓународно ниво ќе резултира со:
- номенклатура на квалификации која е појасна и која подобро се комуницира до главните чинители
- повеќе начини за постигнување на квалификациите – на пример, преку признавање на претходното учење
- понапредни патишта и можности за премин во националниот систем

- компатибилност помеѓу националните квалификации и сличните квалификации од странство
- јасни врски со европската рамка на квалификации и со другите релевантни системи во еу
- учениците можат да го продолжат образованието или да се вработат во други држави
- изедначувањето на квалитетот кај овозможувачите на образовни услуги ќе резултира со:
- поголема транспарентн
- поголема транспарентност и доверба со системот
- изедначување на стандардите за истата квалификација како обврска за сите овозможувачи на образовни услуги кои вршат обуки за таа квалификација
- акцентот се става на резултатите кои лицето мора да ги постигне
- квалификациите се имплементираат преку различни програми за едукација и учење но со заеднички процес на квалитет и барања
- системите за квалитет даваат доверба во националните квалификации сите овие резултати и начини преку кои тие ќе бидат постигнати подетално се уредуваат во

Резултати и активности кои преостануваат да бидат пресретнати во блиска иднина, би биле:

- воведување на Национален регистар на верификувани квалификации и верификувани институции
- воведување на единствени интернет страници за националната рамка за квалификации или поврзување на интернет страниците на надлежните тела

## *5. ОСНОВНИТЕ ПОИМИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО*

**Вештини**

Вештини претставуваат способност за примена на знаењето, извршување на задачите и решавање на проблемите. Вештините се опишани како когнитивни (вклучување на употреба на логичко, креативно и интуитивно мислење) и како практични (мануелна работа и користење на методи, инструменти, алати и материјали).

**Даблински дескриптори**

Даблинските дескриптори претставуваат општи искази за типичните очекувања од постигнувањата и од способностите поврзани со дипломите кои го претставуваат крајот на еден Болоњски циклус.

**Доживотно учење**

Една од дефинициите за доживотно учење е, сите активности на учење, кои се одвиваат во текот на целиот живот, а кои резултираат со подобрување на знаењето, праксата, вештините и компетенциите и/или квалификации за лични, социјални и/или професионални причини. Главните идеи, кога станува збор за доживотно учење, се дека:

- Учењето може да, и се одвива, надвор од формалните структури на образование.
- Учењето продолжува во текот на целиот живот на индивидуалецот исходите од ова учење треба да бидат признаени, без разлика на тоа каде и како се постигнати

Главните контексти кои се поврзуваат со доживотното учење се формално планирано и структурирано учење; неформално, т.е. емпириско или практично, учење кое може да резултира од обука на работното место и информално – т.е., непланирано, можеби и

ненамерно, емпириско учење кое е попатен производ од спроведување на некоја улога или некоја активност.

**Европска рамка на квалификации**

Европската рамка на квалификации преставува заедничка референтна рамка која ги поврзува системите на квалификации во различните земји и претставува инструмент за препознавање и разбирање на квалификациите. Главните компоненти на ЕРК се комплет на 8 референтни нивоа опишани во вид на исходи од учење и механизми и начела за волонтерска соработка. Осумте нивоа покриваат цел опсег на квалификации, од оние кои признаваат основни знаења, вештини и компетенции до оние кои се доделуваат на највисоко ниво на академско и професионално и стручно образование и обука. ЕРК се опишува како конвертирачки инструмент кој ќе им овозможи на земјите да комуницираат поефективно за нивните системи на квалификации.

**Знаење**

Знаењето претставува збир на стекнати и систематизирани информации, односно збир на теоретски и фактички информации.

**Институција**

Терминот институција означува институција, установа, организација или некое друго тело кое е верифицирано/ акредитирано да образува, обучува и да оценува учесници кои се стекнуваат со квалификации. Институциите нудат формални и неформални програми кои водат до квалификации и издаваат јавен документ за истите.

**Информално учење**

Учење кое произлегува од секојдневните животни активности поврзани со работата, семејството или со слободното време. Тоа не е структурирано во однос на целите за учење, времето на учење или поддршката во учењето.

**Квалификација**

Квалификација е формален резултат од процесот на оценување и потврдување кој што е стекнат кога одговорна институција потврдува дека поединецот ги има постигнато резултатите од учење, во согласнст со утврдените стандарди.

Таа претставува официјално признавање на вредноста на исходите од учењето на пазарот на трудот и/или во образованиeто и обуката. Терминот "квалификација" исто да се однесува и на спецификација на барања за исходи, критериуми и оценување. Спецификацијата треба да вклучува знаење, вештини и пошироки компетенции потребни за извршување на конкретни задачи поврзани со одредено работно место или со конкретно ниво на истражување или студија, критериумите според кои поединецот треба да се оцени и природата на доказот и/или оценувањето потребно за добивање на сертификат. Терминот квалификација, како што е користен овде, вклучува и курикулум и образовна програма. Овие термини се користат во различни области на образование и обука за да се претстават некоја структура која поддржува учење и оценување. За да биде вклучен во НРК, курикулумот или образовната или студиска програма мора да ги задоволи критериумите поставени за верифицирање на квалификации. Најбитно од се, мора да содржи мерливи исходи од учење, да биде предмет на оценување со осигурен квалитет и да води кон сертификат. Во овој документ, барањата поврзани со квалификација, треба да важат и за делови од квалификации кои се оценуваат засебно, како предмети или единици. На пример, кога квалификацијата е составена од единици или други делови, критериумите за верификација ќе треба да се применат на секоја компонента како и на целата квалификација. Нема предлог за систем на квалификации составени од единици, но се претпоставува дека за некое време сите квалификации во рамката ќе бидат составени од единици кои ќе имаат кредитна вредност. Квалификација, дефинирана на овој начин, може да се стекне преку формални студиски програми, неформални курсеви или информално учење (т.е. учење кое е резултат на секојдневни активности поврзани со работата, семејството или рекреација) – види подолу, Доживотно учење и исходи од учењето. Квалификацијата е постигната ако учесникот може да докаже дека ги има

постигнато исходите наведени во квалификацијата и тој доказ е потврден со процеси на осигурување на квалитет.

**Компетенции**

Компетенцијата се дефинира како збир на стекнатите знаења и вештини, односно како докажана способност за користење на знаењето и вештините во ситуации на учење или на работа. Компетенциите се однесуваат на одговорноста и самостојноста. Компетенцијата може да се дефинира како докажана способност за користење на знаење, вештини и лични, социјални и/ли методолошки способности во ситуации на учење или на работа и за професионален и личен развој. Сепак, во некои системи се користи на порестриктивен начин – на пример, може да се применува само на стандардизирано барање за знаење, вештини и однесувања или ставови кои се бараат од поединецот за да може соодветно да извршува конкретна работа. Ова може да биде опишано и како компетенција за занимање и поставено во контраст со концепти како социјална компетенција, лична компетенција или (не толку често) компетенција за учење.

**Клучни компетенции**

Клучни компетенции претставуваат збир на компетенции на одредено ниво, потребни за задоволување на личните, општествените и на професионалните потреби на поединецот во процесот на доживотно учење. Постојат осум клучни компетенции: комуникација на мајчин јазик, комуникација на странски јазик, математичко-техничка и научна компетенција, граѓанска, ИТ компетенција, претприемништво, учење да се учи и културно изразување.

**Кредит системи**

Кредит системот е систем за акумулирање и трансфер на кредити врз основа на транспарентноста на резултатите од учењето и процесите на учење .

**Кредит**

Квантитативна мерка за изразување на обемот на учење врз основа на обемот на работа што им е потребен на учесниците со цел да ги постигнат очекуваните резултати од процесот на учење на дадено ниво.

**Кредит трансфер**

Кредит трансфер претставува процес преку кој на резултатите од учење постигнати во еден систем или институција може да им се одреди вредност во друг систем или друга институција. Во Европа се користат два главни кредит системи: Европски кредит трансфер систем (ECTS) и Европски кредит систем за стручно образование и обука (ECVET). Кредит системот е систематски начин на опишување на исходи од учење, давајќи им нумеричка (кредитна) вредност). Кредитите можат да се базираат на различни мерки, како што е обем на учење8, учење со насоки од наставник и контактни часови (за време на лекцијата). Од овие, учењето со насоки од наставник и контактните часови се вообичаени за формалното учење. Обемот на учење ги зема предвид сите видови на активности поврзани со постигнување на исходи или компетенции (вклучувајќи инструкции и пракса, на пример) и може да се примени во неформалното учење. Кредит системите обично се поврзуваат со рамките на квалификации и кредитот се доделува на нивото – пр. 20 кредити на ниво 4. Во некои рамки, некои типови на квалификации можат да бидат делумно дефинирани според бројот и нивото на кредити кои учесникот мора да ги постигне за да добие квалификација.

Кредитите имаат две функции – акумулирање на кредити и трансфер на кредити. Акумулирањето на кредити може да се дефинира како процес преку кој учесниците можат сукцесивно да ги постигнуваат исходите од учење, признаени во рамките на систем или институција и сметани според квалификација – на пример, во рамките на формални понуди на СОО во земјата или во рамките на Универзитет. Кредит трансферот може да се дефинира како процес преку кој на исходи од учење постигнати во еден систем или институција може да им се даде вредност во друг систем или институција. Кредит трансферот зависи од креирањето на меѓусебна доверба помеѓу системите или

институциите и таа доверба зависи од постоењето на веродостојни механизми за осигурување на квалитет. Во Европа се користат два главни кредит системи: Европски кредит трансфер систем (ECTS) и Европски кредит систем за стручно образование и обука (ECVET). Земјите можат да си развијат свој сопствен кредит систем и да го постават во корелација со ECTS и/или ECVET или пак да го усвојат ECTS и/или ECVET како главен кредит систем.

**Македонска рамка на квалификации**

МРК е систем на квалификации во Република Македонија или Национална рамка на квалификации (НРК)

Националната рамка на квалификации е инструмент за воспоставување на систем на квалификации стекнати во одредена земја, со кој се дава основа за стекнување на квалификации, проодност и квалитет на квалификациите. Рамка на квалификации е инструмент за развивање и класификација на квалификации според комплет на критериуми (пр. користење на описи) применливи на конкретни нивоа од исходи од учење. Рамката може да се воспостави на национално и/или секторско ниво. На пример, некои земји имаат рамки за високо образование само според болоњскиот процес; други имаат рамки за стручни квалификации. Исто така, може да се развие рамка на квалификации на сите нивоа во конкретна област на занимање – пр. инжинерство или градежништво.

**Модул**

Модул е независна единица на учење која претставува заокружена целина или дел од образовна програма.

**Неформално учење**

Под неформално учење се подразбираат организирани активности на учење со цел унапредување на знаењето, вештините и на компетенциите за лични, општествени и за професионални потреби и најчесто не води до издавање јавен документ.

**Нивоа во рамката**

Нивоата претставуваат серија на последователни чекори на учење, изразени во однос на низа општи резултати, структурирани според збир на описи. Нивоата во Националната рамка на квалификации се разликуваат по зголемувањето на комплексноста, длабочината и независноста во учењето. Секое ниво се опишува од аспект на неговите карактеристични општи исходи, наречени описи на нивоа. Овие исходи обично се организираат во домени – во ЕРК, домените се

- Практично и/или теоретско знаење
- Когнитивни, креативни и/или практични вештини
- Компетенции, во смисла на одговорност и независност,

Овие домени понекогаш накратко се нарекуваат "Знаења, вештини и пошироки компетенции". Описите на нивоа за македонската НРК се базираат на слични домени.

**Описи на квалификации**

Искази за резултатите од учење кои се однесуваат на стекнатите знаења, вештини и компетенции .

**Оценување**

Оценување во НРК претставува процес на вреднување на знаењето, практичното знаење/искуството, вештините и/или компетенциите на поединецот според претходно дефинирани исходи и критериуми (коишто ќе бидат наведени во НРК , за секоја квалификација) , со цел да му се издаде сертификат. Можните начини на оценување на исходи од учење ("инструменти за оценување") вклучуваат – писмени тестови, задачи, практични задачи. Тие мора да бидат соодветни на исходите (валидни) и да може постојано да се повторуваат од страна на истиот оценувач низ одреден период, или пак од различни оценувачи (веродостојно). Одлуката од оценувањето која ја донел наставникот или обучувачот –т.е. одлуката околу тоа дали учесникот ги постигнал исходите и

критериумите за оценување на сработеното / критериуми за оценување – мора прецизно да се базира на исходите и критериумите и да биде донесена на фер начин.

**Обезбедување на квалитет- Осигурување на квалитет**

Процес или збир на процеси усвоени на национално и/или институционално ниво со цел да се обезбеди квалитет на образовниот процес, на образовните програми и на квалификациите. Овој термин ги опфаќа планираните и систематски процеси неопходни за обезбедување доверба во содржините од НРК како и оние процеси кои ја поткрепуваат истата. Активностите за осигурување квалитет не го регулираат квалитетот директно. Тие обично вклучуваат заеднички активности насочени кон договорени стандарди за квалитет и се дизајнирани за подобрување на квалитет, а не САМО оддржување на поставени стандарди.

**Резултати од учење Исходи од учење**

Резултатите од учењето се искази за тоа што знае, што разбира и што може да прави учесникот, како резултат на формалниот, неформалниот или информалниот процес на учење. Резултатите од учење се дефинираат во смисла на знаења, вештини и компетенции (самостојност и одговорност)

Исходите од учење се всушност изјави за тоа што знае, што разбира учесникот, што може да прави како резултат на формалниот, неформалниот или информалниот процес на учење. Исходите од учење обично се дефинираат во смисла на знаења, вештини и пошироки компетенции (види погоре Нивоа во Рамката). Обично, кохерентни комплети на исходи се составуваат во единици а единиците се комбинираат во квалификации (види погоре Квалификации). Исходите обично се придружени од стандарди во форма на критериуми за постигнувања или критериуми за оценување. Оценување на исходи од учење претставува собирање на доволно и соодветни докази дека учесникот ги постигнал исходите од учењето кои се наведени во квалификацијата (или единицата). Оценувањето може да се спроведува на различни начини, во зависност од природата на исходите. Во

македонската НРК, ова оценување мора да биде со осигурен квалитет (види подолу Оценување со осигурен квалитет).

**Програма (образовна/студиска)**

Збир на образовни компоненти, засновани на резултатите од учењето, кои се признаваат за доделување на конкретна квалификација.

**Формално учење**

Под формално учење се подразбира дејност обезбедена од страна на образовна установа или установа за обука која се спроведува според одредени одобрени програми, со цел да се унапредат знаењето, вештините и компетециите за што се издава јавен документ.

**Верифицирање на квалификација**

Процес на осигурување на квалитет преку кој се доделува акредитиран статус на квалификација, како што е дефинирана погоре. Процесот на верификација покажува дека бил одобрен од релевантните власти со тоа што ги задоволил договорените критериуми. Во _високообразовната област, наместо верификација, може да сретнете акредитација.

**Верифицирање на институција**

Ова е процес на осигурување на квалитет преку кој се доделува акредитиран статус на институција (како што е дефинирана погоре), покажувајќи дека и е одобрена од релевантните власти да обучува, оценува и/или издава сертификати на возрасни учесници, за верифицирани квалификации. Верификацијата се постигнува преку исполнување на договорени критериуми. Овие институции мораат да поминат низ формален процес на осигурување на квалитет за да можат да спроведуваат оценување за и/или издаваат сертификати за квалификации од НРК. Повеќето институции веројатно ќе нудат и образование и обука, но ова не е услов за верификација. Во високообразовната област, наместо верификација, може да сретнете акредитација.

**ECTS**

систем во чиј центар се бројот на часови на учење на учесникот којшто мора да ги постигне целите на програмата, цели кои по можност се наведени во смисла на исходи од учење и компетенциите кои треба да се стекнат. Воведен õ¡Ÿõ¡Ÿõ¡Ÿõе во 1989 со цел да се олесни признавањето на период на учење во друга земја и на тој начин да се зголеми и подобри квалитетот на мобилноста на студентите во Европа. Главно, но не и единствено, се користи во универзитетскиот сектор.

**ECVET**

Европски инструмент со кој се промовира меѓусебна доверба и мобилност во стручното образование и обука. Во јуни 2009 беше предмет на препорака од Европскиот Парламент и од Советот. Целта е да се овозможи признавање на постигнувањата на учесниците за време на период на мобилност, преку креирање на структура, воведувајќи заеднички јазик и стимулирајќи размени и взаемна доверба меѓу понудувачи на СОО и компетентни институции од цела Европа.

***БИБЛИОГРАФИЈА:***

Македонса рамка на квалификации- појдовни основи

Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005 -2015, со придружни програмски документи, Скопје 2005 год.

Нацрт Стратегија за стручно образование и обука во контекст на доживотно учење 2013-2020, Скопје, 2013 год.

Стратегијата за образование на возрасни 2010-2015, Скопје 2010 год.

Национална рамка на високообразовните квалификации- водич, Елизабета Бахтовска, Гордана Јанева, Ратка Нешковска, Битола, 2011

Хрватски квалификациски оквир, група автори, Загреб, 2009 год
Convention on the Recognition of qualifications concerning higher education in the European region, Lisbon, 11.IV.1997

Национални оквир квалификација, Бојан Комненовиќ, Предраг Лазетиќ, Мартина Вукасовиќ, Београд, 2010

Национална класификација на занимања (НКЗ 2008)

Меѓународна стандардна класификација на образованието ISCED 1997 (во тек е ревизија со ISCED 2011)

Convention on the Recognition of qualifications concerning higher education in the European region, Lisbon, 11.IV.1997

Convention on the Recognition of Studies, Diplomas and Degrees concerning Higher Education in the States belonging to the Europe Region, United Nations Educational , Scientific and Cultural Organization Paris , 21 December 1979

Recommendation of the European Parliament and of the Council on the establishment of the European Qualifications Framework for lifelong learning, 23 April 2008

Договор од Лисабон, 2010. Publication office of the European union 2985 Luxembourg, LUXEMBURG.

Матевски, Зоран, 1998. Граѓанско образование во Република Македонија. Филозофски факултет, Скопје.

Туџаровска-Ѓорѓиевска Е, 2011. Предизвиците на образовната политика, Политичка мисла, Скопје

Фонтејн, Паскал, 2010. Европа во 12 лекции, Канцеларија за публикации на ЕУ, Луксембург.

Стратегијата за образование на возрасни 2010-2015, Скопје 2010 год.

Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование, Скопје, февруари 2008 год.

Концепција за стручно оспособување во траење до две години, Скопје, 2010 год.

Концепција за стручното образование за занимања, Скопје , април 2010 год.

Концепција за постсредно образование, Скопје, 2011 год.

Концепција за матура и завршен испит во средното образование со четиригодишно траење во Република Македонија, Скопје 2009 год.

**Интернтет литература :**

www.europa.eu/scadplus/glossary/index_gb.htm

http://europa.eu/geninfo/atoz/en/index_1_en.htm

http://europa.eu/lisbon_treaty/index_en.htm

http://www.brugesgroup.com/mediacentre/lisbon.live

http://www.europeanfoundation.org/docs/4_The%20Lisbon%20Treaty%20Report.pdf

http://www.europarl.europa.eu/sides/getDoc.do?language=EN&type=IM-PRESS&reference=20090506IPR55226

http://www.see-educoop.net/education_in/pdf/compulsary-edu-oth-enl-t05.pdf

http://ec.europa.eu/youth/youth-in-action-programme/youth-for-europe_en.htm

http://ec.europa.eu/education/lifelong-learning-programme/erasmus_en.htm

http://europa.eu/legislation_summaries/education_training_youth/vocational_training/c11015b_en.htm

http://www.ons.gov.uk/ons/guide-method/geography/beginner-s-guide/other/local-education-authorities/index.html

http://www.ibe.unesco.org/fileadmin/user_upload/archive/publications/ThinkersPdf/herbarte.pdf

http://europa.eu/legislation_summaries/education_training_youth/lifelong_learning/c11054_en.htm

http://eurlex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:C:2008:115:0047:0199:en:PDF

**Законска регулативаа:**

- **Закон за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/2008; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 42/2011, 51/2011; 6/2012 и 100/2012).**
- **Закон за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/1995; 24/1996; 34/1996; 35/1997; 82/1999; 29/2002; 40/2003; 42/2003; 67/2004; 55/2005; 113/2005; 35/2006; 30/2007; 49/2007; 81/2008; 92/2008; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 42/2011; 51/2011 и 6/2012).**
- **Закон за стручно образование и обука („Службен весник на Република Македонија“ бр.71/2006; 117/2008; 148/2009 и 17/2011).**
- **Закон за образование за возрасните („Службен весник на Република Македонија“бр.7/2008; 17/2011; 51/2011 и 74/2012).**
- **Закон за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11 и 123/12).**